**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**
**Компаративни религиски системи – Специјалистички студии по Методика на наставата по религиско образование**
**Штип**

**Весна Јовчевска**

# ИЗЛОЖУВАЊЕ И КРИТИКА НА УЧЕЊЕТО НА ЈЕХОВИНИТЕ СВЕДОЦИ

**СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД**

**Штип, март 2011**

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор:** **Владо Петровски**
**Проф.-Д-р., Педагошки факултет**

**Член:**

**Член:**

*Посветено на една љубов .... за мајка ми*

## ИЗЛОЖУВАЊЕ И КРИТИКА НА УЧЕЊЕТО НА ЈЕХОВИНИТЕ СВЕДОЦИ

### КРАТОК ИЗВАДОК

Јеховините сведоци се верска заедница со околу 6 до 7 милиони членови во светот. Основана е во 19 век од страна на Чарлс Тејз Расел. Настанала од крилото на протестантизмот, како и многу други верски заедници пред и после нив.

Централно верување на Јеховините сведоци е дека Бог Јехова наскоро ќе воспостави праведен и совршен свет на Земјата. Покојните праведници ќе воскреснат и ќе живеат вечно. Сатаната и неверниците ќе исчезнат.

Учењето им е смеса од Јудаизам со христијански примеси. Христос го сметаат за Син Божји, но сепак само човек, Светиот Дух не е личност туку само Божја активна сила, а само Јехова е единствен вистински Бог. Ги отфрлаат Светите Тајни, а ги прифаќаат само крштевањето и Евхаристијата но само како обреди во знак на сеќавање.

Празниците не ги почитуваат бидејќи ги сметаат за пагански, исто како и славењето на родендени. Единствено секоја година прославуваат Меморијал на Христовата смрт како знак на сеќавање. Веруваат дека Исусовата смрт овозможила вечен живот на оние кои покажуваат вера.

Врховен орган им е Водечкото тело составено од искусни старешини. Тие ја надгледуваат работата на помалите административни единици – собранија. Нив ги возглавува старешина кој се грижи за потребите на своите членови, а му помагаат слуги – помошници.

Познати се по своите агресивни и неуморни проповедања и промовирања на својата вера, која не ги одминува ни приватните домови. Во нив учествуваат сите нивни членови, по примерот на Христовите ученици.

Јеховините сведоци ја користат Библијата и ја цитираат, меѓутоа го користат исклучиво нивниот превод на Библијата, познат како „НОВ СВЕТ“. Овој превод е неточен и не е прифатен од признатите теолози и стручни лица за Светото Писмо.

Меѓутоа, неинформираноста, површното знаење и духовната неисполнетост се причина поради која оваа верска групација успева да ги одлачи луѓето од крилото на Православната Црква нудејќи им инстант решение

за сите нивни проблеми. Затоа е потребно навремено верско образување и актуелизирање на реалните проблеми со кои се сретнува православниот човек во денешно време, за да може благовремено и превентивно да се дејствува против сите секташки и за нас туѓи учења.

**Клучни зборови: Реформација, Свето Писмо, Јехова, Хилијазам**

## EXPOSURE AND CRITICIZM OF THE TEACHING OF JEHOVA'S WITNESSES


### ABSTRACT

Jehova's Witnesses are a religious community with about 6 to 7 million members worldwide. Founded in the 19th century bu Charles Russell. It originated from the wing of Protestantism, and many other religious communities before and after them.

The central belief of Jehova's Witnesses is that Jehovas God will soon establish a just and perfect world on Earth. Righteous dead will be resurrected and will live forever. Satan and the unbelievers will disappear.

Learning is a mixture of Judaism with christian touch. Christ is regarded as the Son of God , but only a man, The Holy Spirit is not a person but God's active force, and only Jehovah is the only true God. They reject the Holy Secrets, and accept only baptism and the Eucharist but not as sacraments, but only in memory.

Holidays do not respect becouse they considered pagan, as well as celebration of birthdays. Only annualy celebrate Memorial of Christ's death as a sign of remembrance. They believe that Jesus' death allowed eternial life to those who demonstrate faith.

Supreme authority is leading body consisting of experienced officers. They oversee work of smaller administrative units – assemblies. They are head chaplain who cares about the needs of its members, and helping servants – assistants.

They are known for their aggressive and tireless preaching and the promotion of their faith, which goes even to our private homes. They comprise all their members, following the example of Christ's disciple.

Jehova's Witnesses use the Bible, but they use only their translations of The Bible, known as the "NEW WORLD". This translation is inaccurate and is not accepted by the recognized theologians and experts in the Holy Scriptures.

However, uninformed, superficial knowledge and spiritual deprivation is the reason why this religious group manages to excommunicated the people from the wing of the Ortodox Church offering an instant solution to all their problems. It is required that religious education and timely processing of the real problems encountered Ortodox man nowadays, so timely and powerful to act against all sectarian and strange teachings for us.



**Keywords: Reformation, the Bible, Jehovah, Hilijazam**

**СОДРЖИНА**


1. ВОВЕД---------------------------------------------------------------------------------------6
2. ПОИМ ЗА ЦРКВА И СЕКТА----------------------------------------------------------------7
    2.1. Црква-------------------------------------------------------------------------------8
    2.2. Секта-------------------------------------------------------------------------------9
3. СЕКТИТЕ КАКО ПОЈАВА ВО ИСТОРИЈАТА НА ХРИСТОВАТА ЦРКВА----11
    3.1. Реформацијата - идеен извор за сектанските движења-----------12
4. КРАТКА ИСТОРИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈЕХОВИНИТЕ СВЕДОЦИ-------13
    4.1. Краток осврт на учењето на Јеховините сведоци--------------------14
    4.2. Издавачка и промотивна дејност------------------------------------------15
    4.3. Организација на заедницата на Јеховините сведоци--------------17
5. ХИЛИЈАЗАМ--------------------------------------------------------------------------------19
6. ПРЕСМЕТКИТЕ НА РАСЕЛ ЗА ВТОРОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ-----------20
    6.1. Јеховистичко објаснување на терминот „Парусија“----------------23
    6.2. Видливоста на Христовото доаѓање-------------------------------------26
    6.3. Хронолошките пресметки на Расел---------------------------------------27
7. ЈЕХОВИСТИЧКО УЧЕЊЕ ЗА СВЕТА ТРОИЦА--------------------------------------28
    7.1. Осврт на јеховистичките докази-------------------------------------------28
8. ЈЕХОВИСТИЧКИТЕ ДОКАЗИ ПРОТИВ БОЖЕСТВОТО НА ХРИСТА---------31
    8.1. За божествената Христова природа--------------------------------------33
9. ЈЕХОВИСТИЧКО УЧЕЊЕ ЗА СВЕТИОТ ДУХ---------------------------------------34
    9.1. Водата и Духот Свети----------------------------------------------------------35
    9.2. Исполнување со Духот Свети-----------------------------------------------36
10. ЗА ЧОВЕКОТ-------------------------------------------------------------------------------38
    10.1. Бесмртноста на душата – толкување на Јеховините сведоци-38
    10.2. Православно толкување----------------------------------------------------40
11. ЗА КРСТОТ---------------------------------------------------------------------------------41
    11.1. На што бил распнат Христос?---------------------------------------------42
12. ЗА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ---------------------------------------------------44
    12.1. Воскресението на мртвите-------------------------------------------------45
    12.2. Секташкото учење за рајот и пеколот----------------------------------46
    12.3. Православно гледиште за рајот и пеколот----------------------------46
13. ЗА ПРАЗНИЦИТЕ-------------------------------------------------------------------------47

**14. ШТО ВЕЛАТ ЈЕХОВИНИТЕ СВЕДОЦИ ЗА СВЕТИТЕ ИКОНИ?---------------49**
**14.1. Православниот одговор-----------------------------------------------------------50**
**15. ЗА ТРАНСФУЗИЈАТА НА КРВТА-----------------------------------------------------51**
**16. ЈЕХОВИСТИЧКИ ПРЕВОД НА СВЕТОТО ПИСМО--------------------------------52**
**17. МЕТОДИ НА ДЕЛУВАЊЕ И ПРИДОБИВАЊЕ-------------------------------------54**
**17.1. Како се справува општеството со овие појави?-------------------57**
**18. ЗАКЛУЧОК-------------------------------------------------------------------------------59**
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА -------------------------------------------------------------61**

## 1. ВОВЕД

Називите протестант или пак протестантизам произлегле од тоа што приврзаниците на професорот по теологија д-р Мартин Лутер вложиле протест во Рајхстагот во Шпајер во 1529 против одлуката на католичкото мнозинството со која се забранувале какви било промени во Римокатоличката црква. Главните причини за овој протест била моралната состојба на Римската црква и новините кои таа ги вовела, а кои уште повеќе го разгневиле народот.

Пред се, тоа било учењето за папската безгрешност и појавата на индулгенциите (прошталници). Ова подразбирало дека одредени светители направиле толку многу добри дела што се појавил и вишок, па ова можело да се искористи за оние верници кои направиле гревови, па на нив да им се даде од оваа духовна ризница полна со одвишни добри дела. Вака збогатени, на верниците им се простувале сите гревови. Секако дека за оваа прошталница верникот давал одреден прилог, т.е. плаќал за ваквата услуга.

Може да кажеме дека во тие услови ваквото протестирање било основано и било почеток на една обемна верска револуција која уште се нарекува и реформација. Огнот на Реформацијата бргу ја зафатил Западна Европа, па така Англија и Холандија сосема отпаднале од римокатолицизмот, а другите како Франција, Швајцарија, Германија и др. се во постојана борба за зачувување на римокатоличката вера од протестантското агресивно дејствување.

Реформаторското движење почива на два принципа:

- *Материјален принцип*, според кој човекот се оправдува пред Бога само со вера во Христа и со искупувањето што Христос му го дал на човештвото со своето страдање (добри дела не се потребни);
- *Формален принцип*, според кој Светото Писмо е единствен извор на верата и единствено мерило на вистината.

Од ова произлегува дека секој поединец може слободно да ја толкува „Речта Божја“ без авторитетот на Црквата, затоа што Духот Свети ќе го протолкува и ќе ја направи јасна неговата содржина.

Од околу 2.100.000.000-те христијански верници во светот, 580.000.000 се протестанти, што претставува околу 27%.

Протестантизмот зачекорува на балканските простори, преку првите американски мисионери, кои пристигнуваат после официјалното воспоставување на дипломатските односи на Америка со Отоманската Империја. Во Цариград, во 1831 година американските мисионери ја основаат првата мисионерска станица во тогашната Империја. Со отварањето на првото мисионерско седиште, се создаваат изгледни можности за планско делување и ширење на протестантските идеи, првенствено меѓу христијанското население, бидејќи припадниците на исламот кои што се преобраќале, биле казнувани со смрт. Цариградската мисионерска станица, од самото свое формирање развила низа активности, опфатени во три насоки: литературна, образовна и евангелизаторска. Скромното образование, маргиналната општествена улога, која што ја имале христијаните во Отоманската Империја, биле појдовни позитивни моменти кои ветувале „остварливи можности" за поширока и потемелна евангелизација, односно „преобратување" на православните верници во протестанти. (Милин, 1999).

Денеска во Македонија постои регистрирана верска заедница на Јеховините сведоци. Таа брои околу 1.100 членови.

Сектите кои изникнале од реформацијата биле многубројни. Ова се должи на фактот дека секој поединец си давал за право да го толкува Словото Божјо и да учествува во реформата на Црквата, па не е ни чудно што се појавиле толку многу цркви кои се сметале себеси за единствено исправни и вистинити. Во 19 век во САД се појавуваат и Јеховините Сведоци, а нивен основач бил Чарлс Тејз Расел.

## 2. ПОИМ ЗА ЦРКВА И ЗА СЕКТА

Во денешно време постојните верски заедници во своето име вметнуваат по некој термин со кој означуваат нешто суштинско за себе и за своето учење. Често тоа е нешто што се подразбира и нема потреба да се потенцира, но најчесто тоа е од претенциозен карактер. Имено, многу верски заедници (секти), се нарекуваат себеси Цркви иако воопшто не се вклопуваат во поимот Црква, ниту пак имаат врска со нејзината хиерархија и нејзиното учење. Значи, се работи за чиста тавтологија во нивните имиња.

Традиционалните цркви ги ставале своите имиња по принципот на припадност на одредена нација, т.е. народ. Така на пример имаме: Македонска православна црква, Бугарска православна црква, Руска православна црква и сл. Исто така, имињата се добивале и од местото, односно градот каде што се наоѓала црковната столица: Цариградска патријаршија, Атинска архиепископија, Трновска патријаршија итн.

Кај одредени верски групи пак, се сретнуваме со имиња од типот „Христова духовна црква“, „Христијанска адвентистичка црква“ и слично. Тука треба да се напомене дека сите традиционални христијански цркви според своето учење и догмати се и духовни и адвентистички (тоа значи дека веруваат во второто Христово доаѓање), а сепак не се секти туку ги дефинираме како цркви.

### 2.1. Црква

Самиот збор „црква“ означува христијанска верска заедница, што значи дека не секоја религиозна заедница може да се нарече вака. Така на пример, не може да се замисли да се каже „будистичка црква“. Кога се вели „црква“, секогаш се мисли на Црквата Христова.

Во поширока смисла на зборот, Црквата е заедница на слободни и разумни личности кои веруваат во Христа Спасителот. Таа е продолжение на Христовото присуство на земјата и „ Христос е глава на Црквата, а таа е Неговото тело “(Кол.1,18; Ефес. 1,22).

Велиме дека Црквата е апостолска. Тоа значи дека само дванаесетте Христови следбеници – апостоли добиле власт од Христа да го шират Христовото учење, да проповедаат, да крштеваат и др. Меѓутоа, самите тие не можеле физички да постигнат да бидат секаде каде што имало потреба, па затоа апостолите започнале да ракополагаат свои следбеници: епископи, презвитери и ѓакони кои ги извршувале сите свештени дејствија кои до тогаш ги вршеле само апостолите. Овие пак, понатаму ракополагале други кои ги наследувале нив. Ваквиот непрекинат тек на ракополагање од апостолско време до сега се нарекува апостолско преемство, односно наследство. Ова е единствената и вистинска врска и доказ за Божјото присуство, за присуството на Светиот Дух во Црквата. Тоа значи дека само вака хиротонисани (ракоположени) свештеници и епископи преку непрекината светодуховна и

евангелска врска со Нашиот Спасител Христос, можат да ја сочинуваат и да ја предводат Црквата Христова, и да извршуваат се што Он им оставил во наследство.

Црквата е една: значи еден е Господ, едно е крштевањето, една е верата. Денеска постојат одредени разлики помеѓу Православната и Римокатоличката црква по одредени догматски прашања, меѓутоа тоа ни најмалку не ја засега нити ја доведува во прашање автентичноста, догматската постојаност или апостолското преемство на ниедна од нив.

Исто така, велиме дека Црквата е вселенска, односно соборна: тоа значи дека таа не е наменета само за одредена елита или одреден народ, туку таа ги повикува сите луѓе и народи на светов.

Учењето на Црквата е засновано на Светото писмо и на светото предание. Во свето предание влегуваат сите оние примери случки и поуки од животот на Исус Христос кои не се наоѓаат во евангелијата, туку усно се пренесувале од апостолско време на натамошните нивни наследници. Тука секако ќе ги спомнеме и подвижничките пораки на светите отци, маченици и подвижници во верата Христова. Овие луѓе – богоугодници заради нивниот живот и подвиг се закитиле со светителски венец во животот на Црквата, и од нив нема подобри толкувачи на Христовото учење. Затоа и ги славиме како светители и молитвено им се обраќаме како на личности кои се удостоиле да не застапуваат пред Бога и чија молитва за нас е многу плодоносна. Значи, тие се наши посредници пред Господа, а не се „богови“ како што тоа злобно знаат да ни го префрлат секташите за да не обвинат за многубоштво.

### 2.2. Секта

Поимот секта потекнува од латинскиот збор „sequi“ што значи следење. Најчесто сектите ги дефинираме како група на луѓе кои се истомисленици и кои се одвоиле од некоја матична религија, и формирале своја самостојна верска група. Секоја традиционална религија во денешно време има свои секти, т.е. издвојувања од своите редови.

Сектите меѓусебно имаат разлики во учењето и толкувањето, но во суштина имаат иста појдовна точка. Имено, сите тие отстапуваат во толкувањето на Светото писмо во однос на црковното толкување. Секоја од нив на свој начин извлекла од контекст одредени делови од Светото писмо и

им дала посебно значење. На тој начин создале, според нив, единствено точно и спасоносно учење. При тоа, отстапувањата можат да бидат мошне големи. Така, има секти кои ја отфрлаат богочовечката природа на Христос, други го отфрлаат догматот за Света Троица, почитувањето на Богородица и светителите и сл. Инаку, под поимот догмат треба да се разбере богооткриена вистина која човекот сам со помош на своите способности никогаш не би ја открил или спознал бидејќи е над неговите човечки капацитети. Ваквата вистина, која е дадена еднаш засекогаш и е непроменлива, е сочувана и проповедана во Црквата Христова. Затоа велиме дека догматите се богословски категории кои не се подложни на промени или усовршување, или кои со тек на времето можат да се надминат, изврШат или да престанат да важат.

Секако дека постојат луѓе кои не ги прифатиле и ги отфрлиле не само догматите, туку и целокупното верско учење за Бога, и за нив велиме дека се антитеисти, т.е. луѓе кои не веруваат во Бога. Меѓутоа, оние луѓе кои себеси се сметаат за верници а отфрлиле одредени догмати заради свои лични убедувања, ги нарекуваме еретици. Затоа велиме дека ерес е извртување и одрекување од основните вистини на Христовата наука. Оттука произлегува дека сектите се еретички верски заедници, а не цркви. Сите тие ги имаат отфрлено „морално-етичките придобивки на христијанската цивилизација олицетворени во светителите и нивните боговдахновени и општочовечки пораки и поуки“ (Луковић, 2000); Исто така, овие верски заедници т.е. секти немаат апостолско преемство, а нивното „свештенство“ е саморакоположено и немаат апостолска врска со Господ Исус Христос.

Затоа без оглед на нивната материјална моќ, силната пропаганда, бројот на приврзаници и др. овие самопрогласени цркви не можат така да се наречат.

Сепак мора да се напомене дека треба да се прави разлика меѓу ереста и верската заблуда. Заблудата е несвесна и произлегува од верско незнаење или неинформираност. Тогаш може да се случи одредени верски вистини погрешно да се протолкуваат. Тогаш е потребно да се укаже на овие неправилности и да се упати, т.е. поучи во вистината.

## 3. СЕКТИТЕ КАКО ПОЈАВА ВО ИСТОРИЈАТА НА ХРИСТОВАТА ЦРКВА

Уште во времето на првите години од создавањето на Христовата црква се појавиле разни сектански учења кои сакале да го извитоперат изворното Христово учење. Така, апостолот и евангелист Јован во своето послание го потврдува постоењето на сектантите: -„ не верувајте му на секој дух, туку испитувајте ги духовите: дали се од Бога, бидејќи многу лажни пророци се појавија во светот“ (1. Јов. 4,1).

Слично на него сведочел и апостол Павле кој ги предупредил неговите современици со следното предвидување: „А и од вас самите ќе станат луѓе, што ќе зборуваат изопачено, за да ги одвратуваат учениците заедно со себеси“. (Дела 20, 30).

Бројот на лажните учители и пророци бил голем и тие биле распространети насекаде. Затоа бил загрижувачки и ефектот кој го постигнувале врз збунетото христијанско население. Така на пример, галатиските христијани биле набедувани од сектанти да се вратат на еврејските обичаи и прописи, меѓу Колосјаните се појавиле луѓе кои ги убедувале другите дека е правилно да се празнува саботата и старозаветните празници, а ја отфрлале Христовата божествена природа; апостолот Павле во своето Послание до Тимотеј пишува дека се појавиле еретици кои тврделе дека Христос веќе дошол по вторпат (2 Тим. 2, 16-18), а тука можеме да направиме паралела со Јеховините сведоци кои го тврдат истото.

Значи уште од самиот почеток од своето постоење, Црквата била изложена на напади од разни секти и еретици, и морала да се подготви за борба со нив. Првенствено тоа биле луѓе кои произлегле од редовите на еврејскиот народ и многубошците кои патем речено, не се стеснувале отворено да се конфронтираат и со апостолите. Понатаму, во првите векови по Христа се јавувале еретици кои произлегле од редовите на христијаните. Ке ги споменам: антитринитарната ерес насочена против догматот за Света Троица (не ја признавале троичноста на Бога), ариевската ерес според која Светиот Дух не е Бог, монофизитската ерес според која Христос не поседувал човечка природа, нешто подоцна се појавиле и иконоборците кои сметале дека почитувањето на иконите е многубоштво и така натаму. Значи и самите христијани во својата ограничена моќ на разумот и верата се јавувале како

поттикнувачи на ереси. Затоа не е ни чудна денешната состојба со напливот на нови ереси и секти, кои се само репризи на старите и осудени од Црквата учења.

Иако постојат во сите периоди од постоењето на Црквата, сепак сектите во одредени временски периоди како да процветувале. Ова особено се однесува на периодот на Реформацијата. Оттогаш настанува експанзија на секакви нови, комбинирани или воскреснати стари учења и толкувања кои опстанале до ден денешен.

### 3.1. Реформацијата – идеен извор на сектантските движења

Општата состојба на Римокатоличката црква во средниот век била далеку од добра. Моралната опаднатост на римските папи и новините кои тие ги вовеле го зајакнале незадоволството кај народните маси. Секако дека при вакви појави човекот природно бара решение за излез од ваквата состојба. Ова решение го наоѓале во реформирање на Римокатоличката црква. Но, за жал, овие апели од незадоволните верници не нашле на прием и одговор од страна на црковните поглавари.

Како врв на незадоволството секако била новината – догматот за папската безгрешност и индулгенциите, т.е. прошталници. Според римокатоличкото учење светителите правеле добри дела, и повеќе отколку што им било потребно за спасение. Значи, се појавил и „вишок“ на добри дела. Тие дела автоматски се складирале во „духовна ризница“ со која располагал само папата. Затоа и само тој можел да им даде прошка на оние на кои им била потребна, со тоа што овие давале прилог за да добијат прошталници со кои автоматски им се простувале гревовите. Ова го предизвикало тогашниот професор по теологија д-р. Мартин Лутер од Универзитетот во Витенберг, Германија на револт. Тој јавно се спротивставил и го осудил ова практикување, кое се проширило и на други аспекти од римокатоличкото учење.

Подоцна оваа верска револуција се проширила и во другите европски земји како што се: Швајцарија и Англија, а по нив Холандија и скандинавските земји. Од ова движење се дефинирале три правца и тоа: Англиканската црква (која ја задржала римокатоличката литургика а ја усвоила протестантската догматика), Лутеранската односно Евангелистичката црква и Реформската црква која отишла најдалеку во одрекувањето на римокатолицизмот.

Овие драстични промени не поминувале безболно за општествата во кои се случувале. Меѓусебните пресметки на римокатоличките и протестантските приврзаници кои најпрвин се ограничиле на теолошки спорови, продолжиле со нереди за на крај да завршат со војни. Посебно во Германија, каде се случувале страшни прогони од двете страни, во зависност од тоа кој ја имал власта на територијата.

Во првите векови од појавувањето, протестантското движење не било насочено кон православните земји. Ова најмногу поради фактот што во нив не постоело папството, а и географски не биле во близина.

Што се однесува до земјите кои во широки размери го примиле протестантизмот, веќе не можеле да се одржат и зацртаат границите до каде да се оди со реформите во Црквата. Секој можел на своја рака, имајќи го пред себе Светото Писмо и своето мислење, т.е. самостојно толкување, да се занимава со реформирање и основање на „вистински цркви“ кои според нив биле единствените исправни. Сите тие сметале дека се од Бога одбрани да ги вратат грешниците на вистинскиот пат, или дека лично Светиот Дух ги инспирира за некој подвиг, откровение и слично. Затоа и е огромен бројот на сектите кои произлегле од крилото на Протестантизмот. Така, ќе набројам неколку од нив: баптисти, анабаптисти, квекери, методисти, адвентисти(саботјани), мормони и др. Во XIX век во САД се појавува и сектата на Јеховините сведоци.

## 4. КРАТКА ИСТОРИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈЕХОВИНИТЕ СВЕДОЦИ

Современата историја на Јеховините сведоци започнала пред повеќе од 100 години. Во почетокот на 1870-тите, во Алегени (Пенсилванија, САД), кој денес е дел од Питсбург, започнала да функционира една група за проучување на Библијата позната под името „Истражувачи на Библијата“. Движечка сила на таа група бил Чарлс Тејз Расел (1852-1916). Расел не бил ни пастор ни теолог, но се прославил со неговите толкувања на Библијата. Затоа бил повикан од оваа група да биде нивен пастор.

Чарлс Расел бил воспитан во презвитеријански дух, но имал длабоки религиозни сомнежи уште додека бил сосема млад. Најпрвин почнал да се сомнева во учењето за пеколот и вечните маки. Затоа и почнал да ја истражува

Библијата за да најде задоволителни одговори за своите дилеми. Подоцна почнал да се интересира и за есхатолошките прашања. Ова било особено поттикнато од обидите на некои протестантски пастори да го предвидат денот на второто Христово доаѓање (таков обид направил Вилијам Милер, основачот на адвентистичката секта). Така, и самиот Расел започнува да толкува библиски цитати, и со таквата работа оставил голем впечаток кај своите истомисленици. Набргу почнал себеси да се доживува како пророк и „Божја уста", и дека тоа знаење и инспирација го примил преку просветлувањето од Духот Свети. Од неговите приврзаници добивал почит и поддршка, и самите тие често го нарекувале „најголем религиозен учител после апостол Павле".

После завршувањето на Првата светска војна започнало масовно проповедање и ширење на учењето на Јеховините сведоци, како во Америка така и во Европа. Доттогаш заедницата се стекнала со солидно материјално богатство и на големо го користеле печатот и радио – преносот за пропагандни цели. А по Втората светска војна оваа организација постоела на сите континенти. „Во текот на петгодишната работа, од 1968 до 1972 год., во светот се крстени преку половина милион нивни верници" (Милин, 1999).

### 4.1. Краток осврт на учењето на Јеховините сведоци

Самите за себе Јеховините сведоци велат дека се меѓународна религиозна организација која го отфрла модерното христијанство во полза на она кое се проповедало во текот на првиот век. Понатаму велат дека тие се водат според сфаќањето на пишаните закони и принципи врз основа на упатства примани од Водечкото тело на Јеховините сведоци. „Watch Tower and Tract Society of New York" (Здружение на кулата на стражарите и предавачите од Њујорк) е легална организација на Јеховините сведоци што ја користат за религиозна работа. Религијата се развила како одговор на она што го виделе како компромис и корупција во општото христијанство. Не ја признаваат Света Троица, пеколниот оган, бесмртноста на душата и свештенството како важечки додатоци на изворното христијанско учење. Името „Јеховини сведоци" е земено од Светото Писмо на Стариот Завет (Исаија, 43,10) во 1931 година. Горенаведената организација издава религиозни материјали од крајот на 19 век; најпознати се списанијата „Стражарска кула" и „Разбудете се!". Во 2008

имале околу 17,8 милиони луѓе што редовно или повремено ги посетуваат нивните собири.

Главната тема на нивното учење е прославување на Божјето име и оправдување на Неговиот суверенитет, преку Неговото царство, со Исус Христос како негов владетел. Сведоците веруваат дека владеењето на Исус започнало со Второто доаѓање или присуство на Спасителот, што било означено како пророштво на крајот на „Времињата на паганите“. Веруваат дека ова се случило невидливо во 1914 година. *(Božje tisućgodišnje kraljevstvo se približilo,* 1975),

Други учења на Сведоците ја вклучуваат употребата на еврејското Господово име, Јехова (или Јахве) коешто се сретнува повеќе од 7 000 пати во изворните библиски списи, обично преведено како „JXBX“ или Јахве и верувањето дека употребата на неговото име и познавањето на неговото име е важен дел од обожувањето. Веруваат дека смртта на Исус била неопходна за исправањето на гревот направен од првиот човек, Адам, отворајќи го патот на надежта за вечен живот на човечкиот род. Исто така дел од нивното учење е дека 144 000 луѓе ќе добијат живот на небото како совладетели со Исус Христос, кои ќе го водат остатокот од човештвото до совршеност на рајска Земја за време на илјадагодишното владеење. Јеховините сведоци веруваат дека за време на Армагедон, којшто треба да се случи во блиска иднина, грешните ќе бидат уништени, а преживеаните, покрај милионите што ќе бидат воскреснати, ќе оформат ново општество над кое ќе владее небесна влада, со Спасителот Исус Христос како Цар. Така човештвото ќе има можност да живее вечно во земен рај – тое е  можност, бидејќи се зависи од нивните дејствија по воскреснувањето.

Карактеристични се по тоа што одбиваат воена служба и трансфузија на крв, и не прославуваат родендени.

### 4.2. Издавачка и промотивна дејност

Кога станува збор за агитирањето и пропагандата, Јеховините сведоци важат за едни од најорганизираните и најспремните во маркетиншкиот пристап. Во јули 1879 година излегло првото издание на списанието „Zion's Watch Tower“ and „Herald of Christ's Presence“ („Сионска Стражарска кула“ и „Гласник на Христовата присутност“). До 1880, од таа „мала група за проучување на

Библијата“ се рашириле многу собранија во околните држави. Во 1881 година било формирано „Zion's Watch Tower Tract Society“, а во 1884 тоа станало законска корпорација, чиј претседател бил Расел. Подоцна, името било променето во „Watch Tower Bible and Tract Society“.

Самиот Расел се покажал како многу плоден и амбициозен писател. Негово најзначајно дело било „Библиски студии“ кое било објавено во седум тома. Негова била и иницијативата за објавување на полумесечното списание „Стражарска кула како весник на Христовото присуство“. Интересен е фактот дека целокупниот ангажман за изработка на ова списание го имал исклучиво Расел, без помош на соработници.

По неговата смрт, издавачката работа ја превзеле неговите блиски соработници Вудворд, Фишер и Рутерфоред кои се истакнале со многубројни статии и проповеди.

Секако дека  литература што ја печателе самите ја дистрибуирале до нивните одредишта. Многумина членови агитирале од куќа до куќа нудејќи библиска литература. Во 1888 година, 50 лица го правеле тоа полновремено — сега просечниот број на таквите лица ширум светот е околу 700.000. До 1909 година делото добило меѓународен карактер, а светската централа на Заедницата била преместена на нејзината сегашна локација во Бруклин (Њујорк). Во весници биле истовремено објавувани проповеди, а во 1913 тие излегувале на четири јазици во илјадници весници во Соединетите Држави, Канада и Европа. Биле дистрибуирани стотици милиони книги, брошури и трактати.Во 1912 година започнало да се работи на филмот „Photo-Drama of Creation“ (Фото-драма за создавањето). Со дијапозитиви и кинематографија бил опфатен периодот од создавањето на Земјата па сè до крајот на Христовото илјадагодишно владеење. Прикажувањето започнало во 1914 и траело неколку децении. (според  Шпајзер)

Во денешно време нивната ревност во агитирањето на своето учење не е нималку намалена. Јеховините сведоци и нивната литература  можеме да ги сретнеме насекаде: пред вратите на нашите домови, во центарот на градот, пред училиштата и слично. Покрај нивната редовна литература, често се користат и со разни илустрации и стрипови за да  придобијат релативно

помлади луѓе кои сеуште не се верско ориентирани и цврсто определени во верскиот живот.

### 4.3. Организација на заедницата на Јеховините сведоци

Кога во 1884 година било формирано „Здружението на кулата на стражарите и предавачите“ со седиште во Бруклин, Расел станал негов претседател. На оваа позиција останал се до неговата смрт. години. Во 1931 година ова здружение го усвоило името „Јеховини сведоци“, а оправдување за ова нашле во терминологијата од Стариот Завет.

На ова друштво во 1913 година му се придружило и „Здружението на сериозните истражувачи на Библијата“. Ова здружение имало околу 500 членови и Одбор кој броел седум лица. Покрај ова, постоело и „Водечко тело“ на Јеховините сведоци, така да се појавиле две раководни тела. Затоа во октомври 1971 година во Букингем, Пенсилванија било одржано годишно собрание на кое се расправало за односот помеѓу овие две тела. На ова собрание била постигната согласност двете тела да го зачуваат своето постоење со тоа што „Водечкото тело “ да биде врховната власт во заедницата. Негови наследници можат да бидат само оние кои се „помазани наследници Божји и сонаследници на Исус Христос“ (Кула стражара, 1972) и уште откриваат дека „тие не се поставени од луѓето, туку од самиот Христос“ (истиот наслов). Од друга страна, било решено Одборот да биде само извршен орган. Постоела разлика и во траењето на мандатот на нивните членови: членовите на Водечкото тело остануваат доживотно, а на Одборот се бираат на три години. Претседателот стои на чело на Водечкото тело, и тој се менува секоја година, т.е. постои ротација на едни исти личности.

Повеќето собранија на Јеховините сведоци имаат состаноци трипати седмично.. Библијата им е темелот за она што се поучува. Состаноците се отвораат и затвораат со молитва. Исто така, на повеќето состаноци се пеат срдечни „духовни песни“. Влезот е бесплатен и не се собираат прилози.

Повеќето собранија одржуваат состаноци во „Сала на Царството“. Така се наречени просториите каде Јеховините сведоци се собираат заради извршување на верски потреби. Тоа обично се едноставни градби кои ги изградиле членови доброволци. Во Салата на Царството нема никакви верски

симболи. Трошоците се покриваат со доброволни прилози. За оние кои сакаат да дадат доброволен прилог, има кутија за прилози .

Во секое собрание има старешини, односно надгледници. Тие преземаат водство во поучувањето во собранието. Нив им помагаат слуги помошници. Овие мажи немаат повисок статус над останатите од собранието. Тие не се облекуваат поинаку од другите,ниту се платени за нивната работа. Старешините спремно се грижат за духовните потреби на собранието. Тие се должни да им  дадат утеха и водство во време на неволја на оние членови на кои тоа им е неопходно, а често пати собираат и парични средства за помош на своите членови.

Јеховините сведоци секоја година одржуваат и големи собири или конгреси. На ваквите прилики се собираат многу собранија за посебна програма на библиска поука. Крштавањето на нови ученици е редовен дел од секоја програма на собирите или на конгресите.

Светското седиште на Јеховините сведоци е во Њујорк. Таму се наоѓа Водечкото тело, главна група од искусни старешини кои го надгледуваат собранието ширум светот.  Постојат, исто така, и преку 100 канцеларии на подружници по целиот свет. На овие места, доброволци помагаат да се печати и да се транспортира библиска литература. Исто така, се дава водство во врска со организирањето на проповедничкото дело.




Слика 1. Светската централа на Јеховините сведоци – Бруклин, Њујорк
Figure 1. World headquarters of Jehovah's Witnesses – Brooklyn, New York

## 5. ХИЛИЈАЗАМ

Најчестата тема и централна точка на јеховистичкото верување е хилијазмот, или верата во скорешно доаѓање на Христовото земско иљадагодишно царство. Додуша, и адвентистите се хилијасти, и тие веруваат во скорешното доаѓање на Христовото иљадагодишно царство. Но, сепак се разликуваат меѓусебно. Разликата е во датумот и начинот на второто Христово доаѓање.

Според адвентистите второто Христово доаѓање е видлив настан, а според јеховистите невидлив. Според пресметката на Милер тој настан требало да се случи во 1843 или 1844 година, а според пресметката на Расел во 1874, а потоа грешката е поправена на 1914 година. Тогаш, според тврдењето на Расел, Христос повторно дошол, но невидливо. Сепак, иако Христос „дошол" невидливо, Он во иљадагодишното царство од небото ќе владее на земјата преку избраните „кнезови", а животот во тоа иљадагодишно

царство на земјата ќе биде вистинскиот рај, без никакви материјални и социјални недостатоци.

Ставот на Јеховините сведоци кон сите сегашни власти во светот во основа е длабоко негативен. Оставете ја Библијата, таа нека тврди дека секоја власт е дадена од Бога (Рим. 13, 1-6). Јеховистите кои инаку тврдат дека и веруваат само на Библијата - сведочат дека сите власти се слуги на сатаната, дека тие го претставуваат оној апокалиптичен ѕвер од Откровението (гл. 13) и дека целото христијанство, кое тие го нарекуваат „таканаречено христијанство", е онаа жена блудница која во Откровението (гл. 17) е наречена „голем Вавилон". Тие го применуваат ова првенствено на Римокатоличката црква, но и на сите останати христијани што не и припаѓаат на сектата на Јеховините сведоци.

Во науката обично се мисли дека протестантизмот има голем придонес во раѓањето на политичката демократија во светската историја од поново време. За Јеховините сведоци тоа не може да се рече. Тие отворено проповедаат теократија на чие чело ќе биде Христос, невидливиот крал, а на земјата одбраните кнезови што ќе управуваат во Негово име.

Кога историчарите зборуваат за средновековните секти, на пример за богомилите, велат дека тие знаеле да ја поттикнат љубопитноста и фантазијата на тогашниот свет со своите одговори на секое прашање. Нешто слично постои и кај Јеховините сведоци. Тие нè само што „знаат" кога ќе дојде Христос, туку Расел пронашол и одговор дека Адам е создаден во 4128 година пред Христа и дека во земниот рај, пред гревовното паѓање, поминал само две години! Всушност, Расел се впуштил во пресметување на датумот на второто Христово доаѓање поаѓајќи токму од таа пресметка. А пресметката му била едноставна, но како што знаеме и погрешна, исто како и онаа на Милер.

## 6. ПРЕСМЕТКИТЕ НА РАСЕЛ ЗА ВТОРОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ

Како и многу негови современици кои ја проучувале Библијата, и Расел го интересирала темата за второто Христово доаѓање. За таа проблематика изготвил свое објаснување и толкување.Тој за почеток на своето пресметување зел еден поим и израз што е запишан во Евангелието: „а Ерусалим ќе го газат

незнабошци, сè додека не се свршат времињата на незнабошците" (Лука 21,24).

За Расел тоа е појдовната точка. Кој ќе го реши прашањето кога ќе „се свршат времињата на незнабошците", тој ќе го реши и прашањето на Христовата парусија.

Но, како да се реши тоа прашање? Пак со помош на Библијата! Во книгата на пророк Даниил (4 гл. ст. 16-23-25 и 32) се споменува четирипати изразот „седум времиња", каде што зборот „време" очигледно значи „година", значи седум години. Меѓутоа, толкувачите овој израз „седум времиња" го сфатиле како еднаков со „времињата па многубошците". За да се доближат до свршувањето на „времињата на многубошците", појдовната основа им била библиската хронологија од создавањето на светот. (Малицки, 1993).

Логичкиот пат бил овој: Светот е создаден за шест дена. Пред Бога еден ден е како илјада години (Псал. 89, 4; 2. Петр. 3, 8). Тоа значи дека историскиот тек на овој свет ќе трае 6.000 години. Потоа сигурно доаѓа седмиот милениум и Христовата парусија.

За да се знае кога навршуваат шесте милениуми (6.000 години), треба да се знае која година пред Христа е создаден Адам. Библијата тоа никаде не го кажува. Но, ако тоа не го кажува Библијата, кажуваат родословите на Евреите. Врз основа на нив „сериозните истражувачи на Библијата" пресметале дека Адам е создаден 4.128 години пред Христа. Значи, Христовото доаѓање, или пак, како што тие се изразуваат - парусијата, треба да биде во 1872 година.

Но, тогаш ништо особено не се случило во врска со Христовото доаѓање. Пресметката е поправена. Историјата на овоземниот свет почнува од истерувањето на Адам од рајот. Адам пред гревовното паѓање поминал во рајот две години - според нивната пресметка. Тоа, всушност, никаде не го пишува во Библијата, но „сериозните истражувачи на Библијата", кои инаку „му веруваат само на Писмото" - тоа го пронајдоа можеби во некои други извори. Како и да е, парусијата мора да се помести две години и Христовото доаѓање треба да се очекува во 1874 година. Еве што пишува за тоа еден анонимен јеховистички автор:

„Заради таквото сфаќање, „класата на крепосната девица" (тоа се тогашните „сериозни истражувачи на Библијата", подоцна наречени „Јеховини

сведоци") тргна на средба со небесниот младоженец, бидејќи веруваше дека таа година пристигна и дека оттогаш тој е невидливо присутен. Членовите на таа класа мислеа дека веќе живеат во невидливото присуство на младоженецот". Списанието на Расел „Сионска кула на стражарите и на присутноста на Господ Исус Христос" во јулскиот број од 1879 година ја објавуваше Христовата невидлива присутност, која започна во 1874 година. Таа присутност би требало да трае сè до крајот на „времињата на незнабошците" во 1914 година, кога незнабожечките народи би биле уништени, а остатокот од „класата на крепосната девица" по смртта и воскресението би бил воздигнат во духот кон својот младоженец на небото.

Конечно дошол 1 октомври 1914 година. Тој ден Чарл Тазе Расел, претседателот на „Кулата на стражарите", на своите соработници во канцеларијата во Бруклин, Њујорк, им изјавил: „Времињата на незнабошците истекоа; деновите на нивните владетели се одброени." (Елијаде, 1991).

Но, нивното очекување, дека по свршувањето на времињата на незнабошците, ќе бидат славно земени на небото, не се исполнило. На 31 октомври 1916 година Расел умира, оставајќи го местото на претседател на друг. Се чини дека нешто не било добро пресметано.

Ете, така пишува јеховистот за промашените јеховистички надежи. Како да не се работи за луѓе од неговата вера. Значи во годините 1872, 1874 и 1914 требало да се појави Христос. Ниту Расел, ниту неговите соработници, ниту неговите противници, никој не видел никаков знак од Христовото доаѓање во тие години.

Единствено значајно што се случило во тие години е почетокот на Првата светска војна во која исчезнале дотогашните христијански царства: православната Русија, римокатоличката Австрија и протестантската Германија, отстапувајќи им место на новите лаички држави, со сосема поинакви системи на политика и економија.

Дали Расел можеби мислел дека стапувањето на новите лаички и атеистички држави (Хитлеровиот Рајх, САД и СССР) на историската сцена е второто Христово доаѓање, или Христовата парусија (невидливата присутност на Христа), бидејќи тоа е сè што гледаме дека се случило во историјата по 1914 година? Ако тој тоа навистина го мислел, тогаш го демантираат самите негови кандидати, кои би требало да го претставуваат „невидливото присуство на

Христа". А секако не можеме да ги замислиме Хитлер, Ленин или Сталин како претставници на новодојдениот Христос!



Слика 2. Претстава за второто Христово доаѓање

Figure 2. Performance for the second coming of Christ

### 6.1. Јеховистичко објаснување на терминот „Парусија“

Што велат за сето тоа Јеховините сведоци? Тоа што ги научил Расел! Кој вели дека Христос не дошол? Па Христос од 1914 година е присутен - само невидливо! Христос никогаш и не велел дека ќе се појави видливо. Верата во видливото доаѓање на Христа потекнува од погрешниот превод на зборот „парусија". Тој грчки збор - „парусија" - старите преведувачи го превеле со „доаѓање". Така, според тие преводи, излегува дека учениците го прашале Исуса: „Кажи ни, кога ќе биде тоа, и каков ќе биде знакот на твоето доаѓање и на свршетокот на светот?" (Мат. 24, 3).

Овој превод, како што тврди Расел, не е точен! Треба да гласи: „кажи ни кога ќе стане тоа? И кој е знакот на твојата присутност како потполн крај

на времето?" Според тоа, апостолите не го прашале за Неговото второ доаѓање, туку за Неговата „присутност".

А дека зборот „парусија" треба токму така да се преведе, Расел се повикува на фактот што, кога првомаченикот св. Стефан зборува за првото Христово доаѓање на светот, не го употребува зборот „парусија", туку „елеусис", што значи доаѓање. (Роуз, 1990).

Значи, Христос дошол. Он е невидливо тука. Точно е дека имало малку грешки и талкања во одредувањето на времето на Неговата парусија, но сигурно е дека таа настапила во 1874 година, односно 40 години потоа „родено е Божјото кралство на небото, бидејќи Божјиот Месија, Исус, синот Давидов, синот на Абрахам, бил устоличен и крунисан (Мат. 1,1). Дошол тој што имал законско право. Он се вратил! (Језек. 21, 25-27)". А дека навистина се вратил, тоа го докажувале светските настани од тие години, како што мислеле Јеховините сведоци.

Оние 40 години што требало да изминат од неговата невидлива парусија (1874) до „раѓањето на Божјото кралство" во 1914 година, тоа се годините на „жетвата Божја", бидејќи во Светото Писмо пишува: „а жетвата е свршетокот на светот" (Мат. 13, 39). А Христовата „жетва" треба да трае 40 години, поради тоа што помеѓу воскресението и вознесението изминале 40 дена, но и затоа што „еврејската жетва" траела 40 години од Христовиот јавен настап на проповед до пропаста на Ерусалим и разурнувањето на храмот.

Расел упорно останува при своето дека Христос сепак дошол, „се вратил". Што пречи ако никој не го видел?! Па Он не ветил дека ќе дојде на видлив начин, ниту пак грчкиот збор парусија значи тоа. Зборот значел присуство, а не доаѓање!

Да погледнеме што е точно од сите овие негови тврдења. Пред сè, точно е дека Христос навистина е невидливо присутен во светот. Но, не дури од 1874 или од 1914 година, туку постојано. Он на своите ученици (и на нивните наследници) им ветил: „ете, Јас сум со вас преку сите денови до свршетокот на светот" (Мат. 28, 20). Значи, Он не ја чекал пресметката на Расел за да биде присутен во светот, туку присуствува постојано во вид на Својата Црква што ја изедначува со Себеси (Дела 9, 4), во вид на светата причест (Лука 22, 19-20) и преку дејството на Светиот Дух, Кој го продолжува

Неговото дело на спасување на луѓето, а Кој Он им го ветил на луѓето како друг Утешител (Јован 4, 16; 14, 26; 24, 49).

Исто така, не е точно дека „Исус, синот на Давид, син на Абрахам, влегол во своето небесно кралство устоличен и крунисан" дури во октомври 1914 година. Пред сè, тоа не го пишува во Светото Писмо. Освен тоа, ова нешто никој не го видел со свои очи, па да можеме таквата вест да ја примиме како факт што ни се соопштува надвор од Библијата, како што ни се соопштуваат и многу други историски факти. И на крајот, Христовото царство - тоа е Неговата Црква, што е видливо од разните слики и споредби што ги употребил кога зборувал за царството небесно или за Својата Црква (Мат. 13, 24-30; 13 47; Мат. 22, 2-13). А тоа Негово царство постои во светот далеку пред 1914 година.

Точно е тоа што вели Расел, дека грчкиот збор „парусија" значи „присуство". Но, не е точно дека овој збор го има само тоа значење. Тоа е првобитното, етимолошкото значење. Но, во говорот и во понатамошниот развој на грчкиот јазик, овој збор добил уште некои значења, од кои едно е и „доаѓање". Во старогрчко-рускиот речник опширно е објаснето значењето на зборот парусија. Тука е првобитното значење: 1) „присуствие, наличие", што значи присутност, или оној друг збор „назочност", како што велат Хрватите. 2) Второто значење е „приход", што значи пристигнување. 3) Третото значење е „пришествие", што значи доаѓање. Таму се наведени и конкретни примери на значењето и употребата на овој збор. (Веселиновић, 1912 )

Точно е тоа што вели Расел, дека кога учениците Му поставиле прашање на Христа, ја употребиле именката „парусија", мислејќи на второто доаѓање (Мат. 24), а дека првомаченикот св. Стефан, говорејќи за првото Христово доаѓање, го употребил зборот „елеусис" (Дела 7, 52), мислејќи на Христовото прво доаѓање.

Меѓутоа, не е точно тврдењето на Расел дека тоа секогаш мора да биде така, како и дека зборот „парусија" не значи доаѓање, туку невидливо присуство. Кога апостолите на Маслиновата Гора го гледаа својот Учител како се вознесува во небесниот свет, им се јавија два ангела и им рекоа дека тој Исус ќе дојде исто како што видоа дека се вознесува. Во грчкиот текст за зборот „ќе дојде" стои глаголскиот облик „елеусете" (Дела 1, 11). А тој глагол, очигледно е, има ист корен со именката „елеусис", а не со именката

„парусија", иако тука без сомнение, станува збор за второто Христово доаѓање, кое според учењето на јеховистите е невидливо.

Најпосле, дека зборот „парусија" во цитираниот текст на евангелието навистина значи „доаѓање", а не „присуство", се гледа и од логичката смисла на реченицата, од самото прашање. Христос кај апостолите веќе бил присутен очигледно и опипливо. Но, нив ги интересира кога Он повторно ќе дојде да му суди на светот. Затоа нивното прашање мора да се преведе како „доаѓање". Нив тоа ги интересира, а за присутноста не се поставува прашање. А сосема е нелогично да ја прашаш присутната личност: кои ќе бидат знаците на твоето присуство! Дури, ако се постави такво прашање на една присутна личност, тогаш во самото прашање е содржана мислата дека таа личност, која е сега присутна, ќе биде извесно време телесно отсутна, па се очекува негово повторно присуство, што логички значи исто што и повторно доаѓање.

Така, значи, Раселовите јазички разгледи и разглобувања не докажуваат ништо против видливото второ доаѓање на Христа.

### 6.2. Видливоста на Христовото доаѓање

Не е точно дека Христос ветува и прорекува дека Неговото доаѓање ќе биде невидливо. Неговото присуство, ветено на апостолите по воскресението (Мат. 28, 20), навистина значи невидливо присуство. Но, тука не станува збор за парусија. Меѓутоа, кога и да зборувал за парусијата, секогаш го нагласувал сосема спротивното од тоа што го тврдат Расел и јеховистите, т.е. дека Неговото доаѓање ќе биде и тоа како видливо. Да ги слушнеме Христовите зборови.

„Како молњата што излегува од исток и се гледа дури до запад, така ќе биде доаѓањето на Синот Човечки" (Мат. 24,27).

Овие зборови означуваат ненадејност на Христовото доаѓање, па затоа тоа доаѓање не треба и не можеме да го одредуваме со датуми.

Исто така, овие зборови означуваат видливост на тој настан. Па, ако Христос Своето доаѓање го споредува со ненадејното светнување на молњата, со тоа двојно го осудува јеховистичкото верување: нивниот обид за пресметување на датумот и нивното тврдење дека тоа доаѓање ќе биде невидливо.

Расел признава дека ќе се појават извесни претскажани знаци што ќе го навестат наближувањето на второто Христово доаѓање. Дали барем тие знаци ќе бидат видливи? Зошто би биле знаци, ако не се видливи? А ако знаците се видливи, тогаш зошто самото доаѓање да биде невидливо?

Навистина е тешко да се најде поупорно и поочигледно одрекување на Светото Писмо од тоа што го прават Јеховините сведоци, проповедајќи божемна „правилна", „вистинска" христијанска вера. И тоа во името на Светото Писмо, зашто и тие, како и сите сектанти, „му веруваат само на Писмото" и секој час во нивните книги писателот му се обраќа на читателот: „а што вели Писмото", „да го слушнеме Божјото слово"!

### 6.3. Хронолошките пресметки на Расел

Раселовата сметка, според која Адам е создаден во 4.128 година пред Христовото раѓање на земјата, нема никаква поткрепа во Библијата. Таа бројка во Библијата никаде, буквално никаде не е запишана. Значи, таа и е подметната на Библијата. Таа е антибиблиска. Внимателниот читател на Светото Писмо ќе забележи дека Библијата никаде не дава ниту една сметка, ниту бројка за тоа колку години поминале од создавањето на светот. Навистина, во 5 гл.од 1 книга на Мојсеј се наведува список на генерациите од Адам до Ное, а во 11 гл. од истата книга, список на генерациите од Ное до Авраам. Такви родослови има и во подоцнежните книги од Светото Писмо, а во Евангелието според Лука се наведени генерациите комплетно од Христа наназад до Адам (Лука 3,23-38), додека во Евангелието според Матеј само од Авраам до Христа (Мат. 1,1-17).

Мнозина се обиделе да воспостават некоја апсолутна хронологија, библиска хронологија врз основа на тие таблици, но резултатите не им се согласуваат. Тука треба да се спомене еден многу карактеристичен факт. Не само што Библијата никаде не наведува еден одреден број на години, колку што изминале од создавањето на светот, туку Библијата на такви бројки воопшто и не се потпира.

Значи, библиска хронологија не постои. И секој кој ќе го одреди како библиски некој број на години од создавањето на светот, припишува на Библијата нешто што таа никаде јасно не го кажува. Тоа го направил Расел.

Неговата пресметка за староста на човештвото не се согласува не само со Библијата, туку и со научните археолошки и палеонтолошки факти. На таа Раселова бројка научниците можат само слатко да се насмеат.

## 7. ЈЕХОВИСТИЧКО УЧЕЊЕ ЗА СВЕТА ТРОИЦА

Учењето на Јеховините сведоци е смеса од сите ереси осудени на сите седум вселенски собори. Не постои ниту една специфично христијанска догма што не ја одрекле или извртеле.

За разлика од адвентистите, кои нагласено и отворено ја признаваат Светата Троица, Јеховините сведоци таа догма отворено и енергично ја отфрлаат,(*Istina koja vodi do večnog života*, 1969) како и муслиманите, Евреите и останатите нехристијани. Еве ги нивните причини:

а) Никаде во целото Свето Писмо не постои зборот Света Троица.

б) Не само што не постои зборот Света Троица, туку Библијата воопшто не знае за тој поим. Тоа за неа е совршено туѓо.

в) Учењето за Света Троица е чисто многубоштво. Тоа е позајмено од разни нехристијански религии.

г) Учењето за Света Троица е апослутен апсурд, спротивен на основните правила на математиката, која јасно вели дека 1+1+1=3, и тоа секогаш, а никогаш не може повторно да биде еден. Во една од своите брошури, уште на насловната страна, тие на читателот му поставуваат прашање: Според твоето сметање, колку е 1+1+1? Зарем не е 3? А ете, поповите велат дека е еднакво на „еден" (1)!

### 7.1. Осврт на јеховистичките докази

Да погледнеме точка по точка колку вредат овие јеховистички докази. Јеховистичките докази против догмата за Светата Троица немаат ни рационална, ниту историска, а што е најважно, немаат ни библиска вредност. Ќе појдеме од нивниот приговор врз основа на човечката логика.

Тие велат дека таквата наука не е разумна. Ако тој приговор значи дека догмата за Светата Троица не потекнува од човечкиот разум, тогаш тоа

е сосема точно. Неа не ја измислил човечкиот разум, ниту човечката философија, ниту експерименталната природна наука, туку тоа е небесна вистина, откриена на луѓето по пат на натприродно Божјо откровение. Ние тоа го знаеме уште од порано, и без јеховистите.

Кога некој рационалист ќе постави таков приговор, или пак некој нехристијанин, тогаш ние не се чудиме, затоа што тие не го признаваат натприродното Божјо откровение. Но, кога таков приговор поставуваат луѓе што се фалат дека му веруваат само на Божјото откровение изразено во Светото Писмо, тогаш тоа се вика мамење на себеси и на другите.

Ако пак нивниот приговор значи дека догмата за Светата Троица претставува апсурд и противење на математиката, ако мислат дека таа догма тврди дека три е рамно на еден (3 = 1) или 1 + 1 + 1 = 1, тогаш се лажат, затоа што, или не ги знаат догмите, или пак намерно ги извртуваат за да ги изложат на потсмев. Кога догмата би гласела дека трите лица се едно лице, или трите суштини се една суштина, тогаш нивниот приговор би бил оправдан. Но, догмата не гласи така. Догмата гласи дека *трите лица се една суштина***.** Тоа е веќе нешто друго. Тоа веќе не е никаков апсурд и никакво противење на математиката. Како што трите просторни димензии сочинуваат еден единствен простор, бидејќи сите три имаат иста суштина (просторност или простирање), како што од разумот се раѓа чувството и произлегува волјата и тие практично сочинуваат еден единствен и неразделен психички живот, ете така и трите лица можат да бидат една божествена суштина. И во тоа нема никаков апсурд. Има тајна, зашто Светата Троица за нашиот разум е недопирлива тајна, но не е апсурд, како што ни подметнуваат јеховистите заедно со рационалистите и нехристијаните.( Станилоје,1997).

Исто така не е точен приговорот на јеховистите дека догмата за Светата Троица е копија на некои многубожечки митови од Египет, Вавилон или Индија.

Вистина е дека во старите многубожечки религии имало разни комбинации со три различни божества. Но, пред се, тоа ни од далеку не прилега на нашата догма за едниот Бог во три лица. Освен тоа, и да е исто, нам за тоа не ни е грижа. Ние веруваме во Света Троица, не затоа што Индусите веруваат во Брама, Вишну и Шива, или пак што Вавилонците или

Египќаните имале по три истакнати божества, туку затоа што Спасителот заповедал да се крстиме „во името на Отецот и Синот и Светиот Дух".

На крајот, писателите на новозаветните свети книги, од кои потекнува нашата вера во Светата Троица, не биле етнолози, ниту пак историчари на религијата, па големо е прашањето дали воопшто знаеле за старите многубожества. А и да знаеле, очигледно е дека за нив не морале да покажуваат никакво интересирање. Целото многубоштво, светите оци го сметале за дело на сатаната, а почитувањето на тие божества го сметале еднакво со служењето на ѓаволот. Оттаму раните христијани покажувале силна отпорност кон прогонувањето од страна на многубошците. Проповедта на апостолите и мачениците не е никакво многубоштво, туку, како што вели црковната песна, „нивната проповед е едносушната Троица". Затоа јеховистичкиот приговор дека догмата за Светата Троица е плод на многубожечкото влијание, не може да се сфати поинаку, туку како директно злонамерно подметнување.

На крајот, доаѓа најважното во оваа дискусија: не е точно јеховистичкото тврдење дека Библијата ништо не зборува за Светата Троица! Точно е само тоа дека изразот „Света Троица" не се наоѓа во Светото Писмо. Тоа е богословски, а не директно и изречно библиски израз. Но, ако тој богословски израз „Света Троица" не се наоѓа никаде во Светото Писмо токму така буквално изречен, тоа сè уште не значи дека Светото Писмо воопшто не зборува за Светата Троица. Во Библијата не постои ни зборот „религија", ниту зборот „морал" или „етика", па бескрајно е далеку од вистината тврдењето дека Библијата не зборува за моралните должности на човекот, ниту пак дека таа не е воопшто религиска книга! (Димитријевиђ, 1997).

И уште нешто! Додека според учењето и верувањето на сите религии Бог е секаде присутен, Јеховините сведоци тоа го одрекуваат. Тие пишуваат: „*Севишниот Бог отсекогаш столувал на небото. Тој не е дух кој би проткајувал и проникнувал сè, не е во исто време присутен на секое место.* (Милин,1999) Бидејќи постои како интелигентна личност, има свое место и положба на столување каде што може да му се пристапи.




Слика 3. Икона – Света Троица

Figure 3. Icon – Holy Trinity

## 8. ЈЕХОВИСТИЧКИТЕ ДОКАЗИ ПРОТИВ БОЖЕСТВОТО НА ХРИСТА

Се разбира, бидејќи не постои Света Троица, ни Господ Исус Христос не е Бог, еднобитен со Отецот. Додуша, Он е Син Божји, син на својот отец Јехова, но „он не е Бог, оти во Откровението 19,13 читаме: „Името негово е: Реч Божја“. Ова е името што го носел единородниот Син Божји додека живеел при својот небесен отец, Богот Јехова, пред своето доаѓање како човек. Тој е распнат и погребан. Не воскреснал телесно, туку со духот.

„Дали си знаел - пишуваат Јеховините сведоци - дека многу пред да се роди на земјата како човек, Исус постоел како прекрасно духовно создание?“ Библијата вели дека тој е Божјиот „првороден". Тоа значи дека бил создаден (подвлекол Л. Милин.) пред сите други синови што припаѓаат на Божјото семејство. Он е Божји „единороден" Син, зашто единствено тој е непосредно создаден од Богот Јехова; се друго „постанало" низ него како низ главен Божји „посредник". Според тоа, пред да се роди на земјата како машко

дете, дејствувал на небото, каде што бил познат како „реч" или како Божји говорник.

Ете тоа е јеховистичката христологија! Секој што ја познава историјата на Црквата и догматиката, макар и во најопшти потези, во тоа учење ќе препознае комбинација од ариевство и гностицизам, облечено во библиски цитати.

На крајот, бидејќи според нивното учење Господ Исус Христос не е Бог, тогаш и Неговата мајка не е Богородица.

Но, доказите за Христовото божество се неспорни. Тие не можат да се одречат, зашто се засновани на зборовите од Светото Писмо. Може да се отфрлат само ако се отфрли и Светото Писмо, како што прават нехристијаните. А јеховистите, кои тврдат дека му веруваат на Светото Писмо, дека само тие се вистински христијани, а сите други се „таканаречени христијани" - како што отворено тврдат и пишуваат, мораат или да ги побијат погоре наведените докази и да речат дека такви цитати нема во Светото Писмо, или да го изврtat преводот на Светото Писмо, или пак да наведат некои други, посилни докази од Светото Писмо што би сведочеле против божеството на Христа.

Првата постапка е апсолутно невозможна, бидејќи цитатите постојат и наведени се верно. Втората постапка, т.е. искривувањето на преводот на Светото Писмо тие го применуваат во многу случаи. Но, во овој случај тешко е тоа да се примени, зашто фалсификатот би бил многу јасен и забележлив и би предизвикал спротивен ефект. Освен тоа, на тој начин - со погрешно преведување - може да се измамат само оние што не ги познаваат работите. Затоа во овој случај јеховистите прибегнуваат кон третата постапка. Значи, треба да се наведат цитатите што барем на прв поглед го оспоруваат божеството на Христа. А такви цитати има. Тоа се оние цитати во кои се зборува или за човечката природа на Христа, затоа што Он не е само Бог или само човек, туку богочовек, или за Неговиот синовски однос кон Отецот, или за Неговото доброволно самопонижување во кое Он, според божествениот план за искупување на родот човечки, се наоѓал како наш Искупител во времето на својот престој на Земјата, иако и тогаш, според тврдењето на Светото Писмо, во Него живееше сета полнота на божеството (Евр. 5, 7-10; Филип. 2, 6-8; Кол. 2, 9).

Еве ги тие цитати на кои се повикуваат сите еретици што го одрекуваат божеството на Христа, а денес тоа особено го прават Јеховините сведоци.

### 8.1. За божествената Христова природа

Кога Спасителот зборувал за Своето второ доаѓање, нагласил дека тоа е голема тајна и дека „за тој ден и час никој не знае, ниту ангелите небесни, ниту Синот, туку само Отецот" (Марко 13, 32). Значи, постои нешто што и Синот не го знае. Ако е Он Бог, тоа не може да Му се случи.

Сектантите заборaваат дека Христос не е само Бог, туку и човек, значи богочовек. Според тоа, Он може да зборува во името на својата човечка природа, како „син Човечки", а може и во името на својата божествена природа како Син Божји. Неговата човечка природа не би била вистински човечка кога би била сезнајна. Значи, како човек, како „син Човечки", како „Исус, дрводелецот од Назарет", навистина е свет и безгрешен, но не е сезнаен. Како Бог, Он ги знаел сите јазици на луѓето, а како човек зборувал само на арамејскиот јазик. Како Бог ги знаел сите тајни на небото и земјата, но сите нам не ни ги открил (Јован 16, 12), зашто неговите ученици и сите ние не би можеле тоа да го носиме. Ако во Неговата личност беше само човечката природа, Он според таа природа не би можел да ги знае сите тајни, па ниту тајната кога, во кој ден и час ќе дојде да му суди на светот. Меѓугоа, како богочовек Он ја знае иднината, бидејќи повеќе пати сосема точно ја претскажува (Лука 19, 41-44; 22, 34; 18, 31-34). Учениците Му велат: „сега знаеме дека знаеш сѐ“ (Јован 16, 30). Значи, Он како Бог и како богочовек знае сѐ. Но, тоа Негово знаење на сите тајни не произлегува од Неговата човечка природа, туку од божествената. А поради тоа што Он е како единствена личност и Син Божји и Син човечки - поради ипостасното соединување на двете природи во Неговата единствена личност, а според човечката природа навистина не го знае денот и часот кога ќе биде сеопштиот суд, тогаш не е ништо необично што вели дека за тој час и ден не знае „ниту Синот", туку само Отецот. Значи, Синот не знае за тој ден и час во таа човечка смисла, а не во некоја апсолутна, божествена смисла. Бидејќи, кога не би знаел ништо за тоа, не би можел да

ги претскаже ни знаците што ќе му претходат на настанот. А Он сепак ги претскажува.

Еве еден „ситен" пример! Христос ги опоменува учениците на Своето второ доаѓање, па вели: „Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ" (Мат. 24,42; 25,13).

Самиот Христос не се вклучува во тоа незнаење. Он не рекол: „зашто не знаеме", туку „зашто не знаете". На прв поглед тоа изгледа како сосема ситна работа, но кога врз неа човек сериозно ќе размисли, тогаш ќе види дека таа „ситна работа" е многу голема. А ете, Јеховините сведоци тоа не го забележале, иако самите се нарекуваат „сериозни истражувачи на Библијата".

Зошто Христос, според своето божествено сезнаење, не го претскажал точниот ден и час кога ќе дојде? Па тоа го објаснил повеќе пати! Како што е полезно да не го знаеме денот и часот на нашата смрт, исто така за нас е полезно да не го знаеме и денот и часот на Неговото второ доаѓање, за да бидеме секогаш подготвени (Мат. 24, 44). Затоа оваа тајна на луѓето не им ја открил ниту Отецот, ниту Синот, ниту Светиот Дух.

Тука е вистинското место да ги запрашаме сектантите: Ако никој, освен Бог, не го знае денот и часот на сеопштиот последен и праведен суд, тогаш со какво право разни сектанти - поедини анабаптисти како Ханс Хут, Мелхиор Хофман, Јан Лајденски, во XIX век основачот на мормонството Џозеф Смит, потоа основачот на адвентизмот Вилијам Милер, како и основачот на јеховистите Чарл Тазе Расел - се осмелуваат да ја одредуваат и претскажуваат годината и денот на второто Христово доаѓање? Дали нивните постапки се во согласност со зборовите на Христа, или пак претставуваат директно пркосење на Христа? Како да Му велат: ако ти не знаеш кога ќе дојдеш повторно, ние знаеме!

## 9. ЈЕХОВИСТИЧКОТО УЧЕЊЕ ЗА СВЕТИОТ ДУХ

А „Светиот Дух“, тоа таканаречено „трето лице“ на „тројството“, како што веќе дознавме, е Божја делотворна сила, а не некое лице (Суд. 14, 6). Јован Крстител рекол дека како што тој крштавал со вода, така Исус ќе

крштава со Духот Свети. Значи, како што водата не е лице, исто така и Духот Свети не е лице (Мат. 3, 11). Тоа што го претскажал Јован се исполнило кога Бог го испратил својот син Исус Христос во 33-та година според нашето сметање на времето да го излие Светиот Дух на апостолите и учениците, така што, сите се наполнија со Духот Свети. Дали тие биле исполнети со едно лице? Јасно е дека не биле. Тие биле исполнети со Божјата делотворна сила *(Istina koja vodi do večnog života*, 1969).

Ете, тоа се причините и доказите на Јеховините сведоци против Божеството на Светиот Дух. Светиот Дух не е Бог. Не е дури ни некоја свесна личност. Он е само Божја сила. Истото учење сме го слушнале уште во старо време од Македониј, којшто е осуден на Вториот вселенски собор во Цариград во 381 година.

Доказите се, значи, следниве:

1. Ако водата со која св. Јован Крстител ги крштавал луѓето не е никаква личност, тогаш ни Духот Свети со кој Христос ќе ги крштава луѓето не е никаква личност.

2. При слегувањето на Светиот Дух на апостолите, според тврдењето на Светото Писмо, овие се исполнија со Духот Свети. За јеховистичката логика тоа значи дека Духот Свети не е личност, затоа што не може некој да се исполни со некоја личност.

### 9.1. Водата и Духот Свети

За површниот читател овие докази изгледаат убедливо. Меѓутоа, тие се погрешни. Разликата помеѓу крштавањето на Јован и на Христос е во тоа што Јован крштавал само „за покајание", а Христос за добивање на даровите на Светиот Дух. Водата во крштавањето е само материја што има симболично значење. Имено, како што водата чисти секаква телесна нечистотија, така и благодатта на Духот Свети што ја добива човекот преку крштавањето што го заповедал Христос, односно преку крштавањето во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, ја чисти секоја нечистотија на душата. Според тоа, од никаде не произлегува заклучокот на јеховистите дека Духот Свети мора исто така да биде несвесна материја, односно сила, како што е и водата. Разликата помеѓу крштавањето со вода и крштавањето со Духот Свети е особено јасно опишана во Светото Писмо:

„Во она време, додека Аполос беше во Коринт, Павле минуваше низ горните земји, па дојде во Ефес и, откако таму најде некои ученици, им рече: „Кога поверувавте, примивте ли Дух Свети?“ А тие му одговорија: „Ние не сме ни чуле дека има Дух Свети“. Тој им рече: „А во што се крстивте?“ Тие одговорија: „Во Јовановото крштавање“. Павле рече: „Јован крштаваше за покајно крштавање, велејќи му на народот да верува во Оној, Кој иде по него, односно во Исуса Христа“. А кога го чуја тоа, тие се крстија во името на Господа Исуса. И кога Павле ги положи рацете над нив, слезе Духот Свети на нив, и тие почнаа да зборуваат на разни јазици и да пророкуваат" (Дела 19, 1-6).

Како што видовме од текстот, Духот Свети со кој се крстиле овие луѓе не е исто што и водата, не само во физичка смисла на зборот, туку ниту во граматичка и логичка. Во физичка смисла на зборот водата е материја, а Духот Свети не е. Во граматички поглед водата е материјална именка, а Духот Свети не е, туку лична именка. Он слегува на новокрстените. Он им дава дар на јазици. За него, како што видовме, Светото Писмо зборува како за лично свесно битие, а не како за некоја несвесна делотворна сила. Светото Писмо тука не вели дека Светиот Дух „се излева", туку дека „слегува"! (Димитријевић,1997).

Според тоа, оној прв јеховистички доказ против персоналноста и божеството на Светиот Дух не е исправен, ниту логичен, ниту пак библиски.

### 9.2. Исполнување со Духот Свети

Вториот јеховистички доказ против личноста и божеството на Духот Свети се состои во нивното тврдење дека човек не може да се исполни со некоја личност. Апостолите се наполниле со Светиот Дух, а човекот, велат сектантите, не може да се исполни со некоја личност. Значи, Светиот Дух не е трето лице на Светата Троица.

Повторно еден пребрзан и погрешен заклучок! Човекот навистина не може да се исполни со некоја материјална личност поради познатиот физички закон за непробојноста на телото, според кој две тела во исто време не можат да бидат на исто место. Но, тоа што важи за материјалното тело, не важи за духот. Човекот може да се исполни со дух, или со Духот. Тоа е јасно од искуството, но и од Светото Писмо.

Дали злите духови или демоните се лични битија? Според тврдењето на Светото Писмо, да! Дали човекот може да биде исполнет, па дури и опседнат со злиот дух? Според многупати повтореното тврдење на Светото Писмо, тоа не само што е можно, туку и навистина се случувало. Да се сетиме само на оние двајца бесни Гергесинци (Мат. 8, 28-34). Ако е можно човекот да се исполни со зли духови, а Библијата тоа го потврдува, зошто би било неможно човекот да се исполни со Духот Свети? Да се одрекува нешто такво би било спротивно на логиката, на искуството и на Библијата. А јеховистите со своите „докази" против личноста на Светиот Дух го прават токму тоа.

Наведувајќи го тој свој доказ, тие тука имаат направено намерна граматичка грешка во преведувањето на Светото Писмо. Имено, Спасителот не им рекол на учениците: ќе ви испратам „свет дух", туку: ќе ви го испратам Духот на вистината (Јован 14,17). Значи, Он за Светиот Дух се изразува како за личност, а не како за некоја безлична делотворна сила. Исто така и евангелистот Лука (Дела 19, 2) вели „Духот Свети", а не „Дух свет". Меѓутоа, јеховистите во понапред наведениот доказ го употребуваат изразот: ќе ви испратам „Дух свет", сакајќи да ја потенцираат безличноста на тој дух, како кога би рекле - духот на законските прописи, духот на папството итн. Очигледно е дека тоа го прават за да го доведат Светото Писмо во согласност со своето однапред исконструирано сфаќање. Значи, наместо да го усогласуваат своето сфаќање и верување според Светото Писмо - кога веќе заедно со другите сектанти тврдат дека му веруваат само на Светото Писмо, тие го приспособуваат Светото Писмо според своето сфаќање. Таквиот доказ, се разбира, нема никаква вредност.

На сето ова да додадеме уште една библиска споредба. Јеховистите тврдат дека Светиот Дух не може да биде личност поради тоа што Светото Писмо вели дека апостолите се наполниле со Светиот Дух, а според нивното мислење не може некој да се наполни со некоја личност.( *Кула стражара* бр.222, 1972).

Така тие велат, но Светото Писмо не! Во Светото Писмо постои овој стих: „сите што се крстивте во Христа, во Христа се облековте" (Гал. 3, 27). „Ние што се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме" (Рим. 6, 3). апостол Павле вели: „јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене" (Гал. 2, 20). Освен тоа, уште многу пати Светото Писмо споменува дека ние

сме во Христа, или пак дека Христос е во нас (Јован 15, 7; 17, 21). Тоа е библиски начин на изразување.

А сега и ние би можеле да ги запрашаме јеховистите: Ако може апостол Павле да биде исполнет со Христа, бидејќи „Христос живее во него", зошто не би можел да биде исполнет и со Светиот Дух? Или пак: Ако на Светиот Дух му одрекуваме персоналност затоа што апостолите биле исполнети со него, тогаш тоа треба да му се одрече и на Христа, бидејќи апостол Павле и со Него бил исполнет. А кој би се осмелил да рече дека Христос не е лично битие!

Значи, јеховистите со своето докажување дека Духот Свети не е трето лице од Светата Троица само ја потврдуваат рационалистичката природа на своето сфаќање, како и површноста во толкувањето на Светото Писмо.

При изложувањето на настанокот и учењето на јеховистите споменавме едно нивно учење за Бога, од кое човек би можел да се вчудоневиди. Во книгата на јеховистите „Божјото илјадагодишно кралство се приближи", на 62 страница е напишано: „Севишниот Бог отсекогаш столувал на небото. Тој не е дух кој би проткајувал и проникнувал сè, не е во исто време присутен на секое место. Бидејќи постои како интелигентна личност, има свое место и положба на столување каде што може да му се пристапи".

## 10. ЗА ЧОВЕКОТ

Учењето на Јеховините сведоци за задгробниот живот на човековата душа потполно е идентично со адвентистичкото и материјалистичкото, како да го презеле од материјалистичките философи и го облекле во библиски цитати. Душата, како некоја духовна суштина различна од телото, не постои, ниту пак го надживува телото. Според нивното учење, тоа е паганско суеверие. Според нивното верување и толкување на Библијата, во смртта не постои никаква разлика помеѓу човекот и животното. Човекот умира исто како и животното.

### 10.1. Бесмртноста на душата – толкување на Јеховините сведоци

Мислењето на Јеховините сведоци во однос на бесмртноста на душата е дека сепак, душата е смртна, т.е. дека умира. Ова нивно тврдење го

поткрепуваат со библиските цитати: „Душа која згрешила, ќе умре“ (Језек. 18,20), и „Секоја душа, што не ќе Го послуша тој Пророк, ќе биде истребена од народот“(Дела 3, 23). „Ете значи и душата може да умре“(*Istina koja vodi do večnog života*,1969)

Понатаму за поткрепа на ова нивно тврдење, јеховистите даваат свое видување за значењето на евангелскиот текст за богатиот и сиромавиот Лазар. Оваа библиска приказна гласи вака: „Еден човек беше богат и се облекуваше во порфир и во свила и секој ден живееше раскошно и се веселеше. Имаше исто така, и еден сиромав по име Лазар, кој струплив лежеше пред вратата негова; и сакаше да се нахрани со трошките што паѓаа од трпезата на богатиот; и кучињата доаѓаа и ги лижеа раните негови. Умре сиромавиот и ангелите го однесоа во крилото Аврамово, умре и богатиот и го погребаа. И во пеколот кога беше во маки, ги подигна очите свои и го виде оддалеку Авраама и Лазара во крилото негово, и откако извика рече: Оче Аврааме, смилувај се на мене и врати го Лазара да го накваси својот прст во вода и да ми го разлади јазикот, оти многу страдам во овој пламен“..(Лука 16, 19-31).

Јеховините сведоци велат дека овој текст е само обична приказна која не е вистински настан, бидејки умрените не можат да комуницираат меѓу себе, односно не е можно „избавените во својата слава преку небесната ограда да гледаат долу и разговараат со изгубените, што пред нивните очи се наоѓаат во маките на вечниот оган. Светото писмо не го претставува така небото, ниту положбата на умрените или пак идната награда и казна“(според Шпајзер).

Понатаму велат дека не е ни разумно ни библиски да се верува дека еден човек треба да трпи пеколни маки само затоа што е богат и носи убава облека, како што не е ни во ред еден питач да биде благословен со небесен живот само затоа што е питач! И уште каков е тој Рај и Пекол кои се толку блиску па да може еден човек од едната страна да премине на другата за да му донесе капка вода на некој грешник? Затоа, според нив, во оваа приказна богатиот всушност ја симболизира класата на религиозните водачи, кои го отфрлиле и осудиле Христа. А Лазар пак, го симболизира обичниот народ кој го прифатил Синот Божји. Значењето на смртта е симболично, и означува некоја драстична промена во животот или постапките на некој човек. Значи водачите на искривената религија „умреле“(симболично), а обичниот народ се здобил со милоста Божја.

### 10.2. Православно толкување

Од ваквото толкување можеме да заклучиме дека Јеховините сведоци најпрвин подметнуваат нешто што Христос не го ни рекол нити наговестил, а тоа е дека богатиот треба да биде казнет само затоа што е богат. Всушност, тој бил казнет поради неговата бездушност, немарност и саможивност. Тој се расфрлал со своето богатство и мислел само за себеугодие, а воопшто не погледнувал и не се сожалувал над несреќата и мизеријата на несреќниот Лазар кој секојдневно седел пред неговата врата и чекал милостина. Можеби богатиот си мислел дека така морало да биде, дека таква му била судбината, и нема потреба да се прават напори да му се ублажат страданијата на сиромавиот.

Е токму тука треба да се бара причината за казната на богатиот, а не во неговото богатство.

Што се однесува до Лазар, Библијата не наведува каков човек бил, какви особини и добродетели поседувал, не секако дека не заслужил небесен живот само затоа што бил питач. За волја на вистината, многу луѓе завршуваат така благодарение на својата мрзеливост и немарност, а тие особини Бог никогаш не ги оправдува, напротив ги изобличува. Значи треба да се претпостави дека Лазар го заслужил небесниот живот благодарение на своите добродетели (смиреност, послушност, љубов, незлобивост и сл.)  Секој човек треба да има љубов и милост кон своите ближни посебно кога се во неприлика, и затоа од нас се очекува да го ублажиме нивното страдање во согласност со нашите способности и можности.

Земниот живот не е единствен живот. Душата продолжува да живее и по смртта на телото, и тоа под околности какви што заслужува човекот во својот земен живот пред законот на правдата Божја. По смртта на телото, душите се свесни за својата состојба во која се наоѓаат и можат да општат, т.е. комуницираат меѓу себе на начин што нас ни е непознат. *(Теолошки погледи*, 1989).

Духовниот свет е различен од нашиот материјален свет и затоа при неговото опишување се служиме со симболичен јазик. Погрешно е кога се обидуваме буквално да го толкуваме библискиот јазик, туку треба да му се даде преносно значење. Така, блаженството што го чувствува Лазар е наречено прегратка на Авраам, а тоа не може да биде буквално протолкувано, туку симболично. Од друга страна, како што огнот може да го изгори телото, така и

лошата и немирна совест го пече грешникот. Затоа и богатиот човек по смртта дошол во таква состојба да биде измачуван поради својата бездушност во земниот живот.

Со раскажувањето на оваа приказна, нашиот Господ ни дал прекрасна морална и догматска поука за состојбата на душите по земната смрт. На некој начин, ни дал да ѕирнеме позади завесата која го дели земниот од духовниот свет во кој престојуваат душите на покојниците, и тоа се со цел да ни укаже и насочи во нашиот живот и кон патот на спасението.

## 11. ЗА КРСТОТ

Јеховините сведоци се најогорчени противници на крстот, можеби повеќе и од муслиманите и Евреите. Причините се двојни. Библиски, или подобро речено привидно библиски, и рационалистички.

Јеховините сведоци тврдат дека крстот е пагански знак, зашто разни многубошци во Египет, Вавилон, па дури и будистите во Азија, го употребувале пред да се појави во христијанството. Притоа се повикуваат главно на антихристијанска литература, а не на Светото Писмо, како што им доликува на оние што постојано се фалат дека му веруваат „само на Писмото". Светото Писмо навистина не изнесува такво тврдење за крстот. Од историјата сосема сигурно се знае дека многубошците употребувале крст како средство за извршување на смртна казна над најтешките злосторници. Најсрамна била смртта на крстот. Ако е така, тогаш е тешко веројатно дека нивната религија проповедала почитување на тоа најсрамно средство за извршување на смртната казна. Која религија би дозволувала нејзиниот симбол да се употребува како срамно средство?! Сосема сигурно се знае дека многубошците пред Константин ги исмејуваа христијаните токму поради почитувањето на крстот. Ги нарекуваа подбивно „крстопоклоници", а христијаните нив ги нарекуваа идолопоклоници. (Дамаскин, 2001). Исто така се знае дека смртната казна со распнување на крст е укината откако христијанството станало слободна религија, бидејќи христијаните не можеа да дозволат да се посрамува нивниот свет симбол.

На крајот, за нас христијаните воопшто не е важно дали уште некој пред христијанската ера го употребувал крсниот знак за религиозни цели. И, ако е употребуван, секако дека не во онаа смисла и од оние причини како што го употребуваа и сѐуште го употребуваат христијаните. Христијаните го почитуваат крстот како симбол на целокупното Евангелие и како средство преку кое на целиот свет му е подарено спасение и радост, токму како што се вели во еден литургиски текст: „Откако го видовме Христовото воскресение, да Му се поклониме на Светиот Господ Исус, единствено безгрешниот... Дојдете сите верни да Му се поклониме на светото Христово воскресение, оти, ете, преку крстот дојде радоста на целиот свет. Благословувајќи Го постојано Господа да Му пееме на Неговото воскресение, оти претрпе распнување и со смрт смртта ја уништи." (Веселиновић, 1912).

### 11.1. На што бил распнат Христос?

Јеховините сведоци признаваат дека Христос страдал и умрел, но не бил распнат на крст, туку обесен на дрво, столб. (Крстић, 1999). А дека е така, се повикуваат на зборови од Светото Писмо каде што навистина се споменува дрвото.

„Бог на татковците наши Го воскресна Исуса, Кого вие Го убивте, приковувајќи Го на дрво" (Дела 5, 30). И уште еднаш апостол Петар рече за Исуса: „Ние сме сведоци за сѐ што направи Он во земјата Јудејска и во Ерусалим. Како Го убија, распнувајќи Го на дрво" (Дела 10, 39). Ете, докази дека Христос не е распнат на крст - велат сектантите!

Таквиот „доказ" е чиста измама! Кога Јеховините сведоци би ја познавале православната црковна поезија, би можеле да наведат многу повеќе цитати дека „Христос висел на дрво". Заради илустрација да наведеме само еден: „Спасителе на светот, спомни си за нас, како што си го споменал разбојникот на дрвото". Па сепак, од тие црковни молитвени песни никаде не следува дека Христос бил обесен на некое дрво, ниту приврзан на некој столб, ниту пак Православната Црква такво нешто учи и верува. Во тие песни и во библиските цитати што ги наведуваат јеховистите станува збор за материјата од која е направен крстот, а не за формата како изгледал тој крст. Крстот бил од дрво, а не од некој друг материјал, железо или камен. А дека е во прашање токму крст, а не обичен дрвен столб, произлегува од едногласното сведоштво на сите евангелисти (Мат. 27, 32-

40; Марко 15, 21-31; Лука 23, 26; Јован 19, 17-25). Во тие евангелски извештаи за Христовото распнување евангелистите десет пати тврдат дека Христос е распнат на крст, а ниту еден единствен пат дека бил обесен на столб. Особено е важно сведоштвото на евангелистот Јован, кој го придружувал Христа на Голгота, бил под крстот на кој Христос висел распнат, и како очевидец четири пати го споменува крстот (Јован 19, 17 и 19,25. и 31. стих).

Освен тоа, сите четворица евангелисти сведочат дека Христос бил распнат, а не обесен на столб. И Евреите му говореа на Пилат за Христа: „Распни Го", а не „Обеси Го" (Јован 19, 6; Лука 23,21).

На сето тоа да додадеме дека и апостол Павле, кој на Евангелието се научи од Христа (Гал. 2, 11-12; 1. Кор. 11, 23), сведочи дека Христос бил распнат на крст (1. Кор. 1, 23; 2, 2; 2, 8; 2. Кор. 13, 4; Гал. 6,14; Кол. 2,14).

Дури и апостол Петар, на чии зборови јеховистите два пати се повикуваат за да докажат дека Христос не бил распнат на крст, туку обесен на дрво, дури и тој сведочи дека Христос бил распнат (Дела 4, 10).

Така, јеховистичкото тврдење дека Христос не бил распнат на крстот, туку обесен на дрво, обичен столб, не само што не е во согласност со Библијата и историјата, туку, бидејќи е невозможно да се верува дека тие не ги прочитале сите овие библиски сведоштва за крстот и распнувањето, може да се заклучи единствено тоа дека нивното тврдење е намерно уфрлено кај народот за да им веруваат неинформираните.



Слика 4. Христос  на столб – јеховистичко толкување

Figure 4. Christ  on a pole – witnesses’s view

Инаку, не е тајна дека Јеховините сведоци се едни од најогорчените противници на употребата на крстот. Тие сметаат дека се работи за пагански знак кој го употрбувале многубошците во Египет и Вавилон, притоа повикувајќи се на антихристијанска литература.

Историјата ни говори дека многубошците употребувале крст како средство за извршување на смртна казна за најстрашните злосторници. Една од овој вид на смртна казна било и распнувањето на крст. Ова било укинато откога христијанството станало слободна религија, бидејќи христијаните не можеле да дозволат понатамошно срамотење и скврнување на светиот симбол. Крстот во христијанскиот свет се почитува како симбол и средство преку кој на светот му е подарено спасение и радост.

## 12. ЗА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ

Кога станува збор за воскресението, Јеховините сведоци го тврдат следното: Исус не воскреснал како човек, туку само дека оживеал со духот, т.е. „Исуса Бог го разбудил во духот, и откако тој повторно се вознесе на небото“ (*Добра вест која усрећује*). По своето воскресение повеќе пати им се јавувал на своите ученици, меѓутоа како што тврдат сектантиве „така што зел разни тела, за да докаже дека навистина станал од мртвите“ ( *Istina koja vodi do večnog života*,1969).

Доколку го прифатиме таквото толкување, ќе испадне дека дека нашиот Бог Исус Христос е измамник. Доколку воскреснал само со духот а не и со телото, зошто би му било потребно да зема „различни тела“ за да ги увери своите блиски во своето воскресение? Или пак, зошто ги убедувал своите ученици да се допрат до Него за да се уверат дека пред нив не стои некое привидение, туку лично Он (Лука 24, 36-43). Библијата дури тврди дека Христос и јадел со своите ученици. Светиот апостол Тома поради своето неверување во Христовото воскресение бил прекорен од Христа, и бил повикан да ги стави своите раце на Христовите рани за да се увери во Исусовото воскреснато тело.

Исто така, Јеховините сведоци никаде не даваат појаснување за тоа што всушност се случили со Христовото тело, бидејќи Он воскреснал „само во духот“. Повеќе од очигледно е дека тие се влијание на старите гностички учења

и сваќања на воскресението да се гледа не како на телесен настан, туку само во „духовна смисла“.

### 12.1. Воскресението на мртвите

Во толкувањето на Јеховините сведоци за воскресението на мртвите, се гледа голема недоследност во нивното учење. Имено, ако Христос воскреснал само духовно, сега, според нив, луѓето при Второто Христово доаѓање ќе воскреснат со телата. При тоа, праведниците ќе владеат на земјата 1000 години во Христово име. А по истекот на тој милениум, ќе воскреснат и грешниците. Значи. Се работи за двојно воскресение: едно за праведниците, а по илјада години и за грешниците. А кога ќе се случи и второиов настан, грешниците ќе тргнеле кон Ерусалим да го уништат. Тогаш Христос ќе ги уништел нив заедно со сатаната и лошите духови кои му служеле.

За да го поткрепат ова нивно тврдење, сведоците се повикуваат на Христовите зборови: „И ќе излезат: кои правеле добро – ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“ (Јован 5, 29).

Тука навистина се спомнуваат две воскресенија: воскресение за живот и воскресение за осудување. Меѓутоа, никаде не се споменува временска дистанца од илјада години помеѓу нив. На едно место во Светото Писмо апостол Павле вели: „ќе има воскресение на мртвите, на праведните и на неправедните“ (Дела 24, 15). И тука не се споменува никаква временска дистанца, туку само се нагласува сеопштноста на воскресението. Значи единственото разграничување се однесува само во целта на самото воскресение: едни воскреснуваат за живот вечен, а другите за примање на казна. (Калезић, 1972).

Па дури и да се поверува во ова, тогаш тоа ќе значи дека постојат три Христови доаѓања: првото заради спасение на луѓето, второто заради воскресение на праведниците, и третото за да го изврши воскресението на грешниците. А факт е дека Светото Писмо никаде не спомнува три Христови доаѓања, туку само две. А самите Јеховини сведоци велат дека единствен критериум за вистината за нив е Светото Писмо. Уште еден доказ дека всушност нивната воља и самоволно разбирање на работите е вистинската основа за толкување на Библијата.

### 12.2. Секташкото учење за рајот и пеколот

Бидејќи сведоците го одрекуваат постоењето на душата и нејзината бесмртност, нормално е дека го отфрлаат постоењето на рајот и пеколот.

Имено, тие велат дека Библијата не спомнува никаков пекол каде ќе се мачат грешниците. Во стариот Завет во повеќе наврати се спомнува терминот „шеол“ кој се преведува како „пекол“, „гроб“, „царство на мртвите“ и сл. Значи, според нив со овој термин се подразбира само општиот гроб на човештвото. Не постои никакво мачење од проста причина што душата не постои, а телото се распаѓа во гробот. Од тука произлегува дека и праведниците и грешниците одат во „пеколот“, односно во општиот гроб на целото човештво.

Исто така, велат и дека Јехова т.е. Бог не би дозволил никакво мачење за никого, бидејќи тој е Бог на љубовта и милосрдието и „ не дозволува мачење на грешниците во некаков пекол, туку смртта е просто уништување“ (*Istina koja vodi do večnog života*, 1969).

### 12.3. Православно гледиште за рајот и пеколот

Доколку само се разгледа Новиот Завет, на секого ќе му паднат во очи многубројните Христови зборови каде се кажува за состојбата на душата после смртта. Таков беше примерот со богатиот и сиромавиот Лазар. На друго место Христос вели:„Подобро е за тебе да влезеш во животот без рака или без нога, отколку со двете раце или двете нозе да бидеш фрлен во вечниот оган“ (Мат. 18,8). Во „Откровението“ на св. Јован Богослов при описот на состојбата на грешниците се вели; „Димот на мачењето нивно ќе се издига во сите векови; нема да имаат мир ни дење, ни ноќе“ (Откр. 14,11).

Одовде може да заклучиме дека не само што душите на упокоените се живи и свесни по смртта на телото, туку и дека нивната состојба зависи од моралните особини и делата што ги вршеле во текот на животот.

Од друга страна пак, душите на праведниците ќе чувствуваат духовно блаженство. Нив Спасителот им ветува голема духовна награда на небесата (Мат. 5,12). Апостол Павле зборувајќи за неговата радост при неговата средба со Спасителот (после смртта), по Божјо вдахновение го опишува рајот со зборовите: „што око не виде, уво не чу, ниту на човекот на ум му падна“ (Кор. 2,9; Фил. 1, 21-23).

## 13. ЗА ПРАЗНИЦИТЕ

Сите христијански симболи и обичаи ги отфрлаат како да се чисто многубожечки предмети. Ги отфрлаат крстот, иконите, статуите, празнувањето на неделата и на сите празници, не исклучувајќи ги ниту Велигден и Божик, велејќи дека ништо од сето тоа не е заповедено во Библијата, дека сето тоа има многубожечко потекло, па според тоа му е одвратно на Јехова. А дека сето тоа е од „паганско потекло", се наведуваат докази од разни енциклопедии, а не од Библијата или од историјата на Црквата, иако безброј пати се повторува дека ним им е најважно тоа што го вели Библијата како единствен извор. (Крстиђ, 1999).

А што да се прави со саботата и Пасхата и останатите старозаветни еврејски празници? Бидејќи во Стариот завет Јехова многу пати ја потврдил задолжителноста на тие празници, природно би било да се очекува од Јеховините сведоци да ги остават сите како обврска наредена со директна заповед. Но тие не го прават тоа! Не се впуштаат во докажувањето на многубожечкото потекло на саботата, иако - ако се верува на разни енциклопедии и студии повеќе отколку на Библијата - би можело и тоа да се „докажува". Но, за саботата и за останатите старозаветни празници даваат само една реченица: апостол Павле прекорувал некои христијани оти славеле некои денови пропишани според законот на Мојсеј, што Бог од христијаните повеќе не го барал (Гал. 4, 10-11). Ваквата замаглена изјава може да ја разбере само оној што добро ја познава Библијата. Само нему ќе му биде јасно дека е тоа алузија на саботата и на останатите старозаветни празници. Исто така, тие ја отфрлаат и неделата.

Што вели Православната црква на нивните аргументи? Факт е дека во Светото Писмо никаде не се наведени православните празници. Меѓутоа, факт е дека никаде не пишува дека не смее да се празнува. Напротив, не само што не е забрането, туку Бог директно наредува празнување. Секако, се работи за старозаветни еврејски празници. Така, Бог преку Мојсеј им наложува на Евреите, покрај саботата да имаат и други празници, па дури и им поднесува список на празници и начин на празнување (3. Мој. 23, 1-44). Задолжителноста на овие празници престанала во Новиот завет, но останува фактот дека Бог покрај саботниот одмор одредил празнување и на други празници. Тоа

потврдува дека во принцип, Бог не е против благочестиво празнување, туку само против грешно прославување на празниците. Исто така, во четвртата Божја заповед се вели дека шест дена човекот треба да работи, а седмиот ден да го посвети на Бога. Со овие зборови Бог укажува на духовната полза на празникот врз човекот.

Веќе наведов дека старозаветните празници биле од привремен карактер. Тие имале подготвителен карактер за еврејскиот (избран) народ, и претставуваат праслика на новозаветната реалност. Така на пример, старозаветната Пасха е праслика за новозаветниот Велигден. А славејќи ги Господовите празници, ние изразуваме почит кон Божјата промисла за спасение на светот изразена преку празнични настани (Божиќ, Велигден и сл.). Кога ги прославуваме светителските празници пак, ние го прославуваме дејството на благодатната Божја сила пројавена преку светителите. Тие со својот свет живот и подвиг се удостоиле да бидат наши застапници и молители пред Господа, и затоа и на нив им се обраќаме и ги молиме при разни неволји и страданија.

Христијанските празници се појавувале и развивале постепено. Некои празници се појавиле порано, некои подоцна. На пример, Христовото воскресение и вознесение како и слегувањето на Светиот Дух врз апостолите (Духовден) биле прославувани уште од самото нивно појавување како настан. Божиќ и другите христијански празници се појавиле нешто подоцна, но тоа не го намалува нивното значење и духовниот дар кои ни го носат на нас луѓето.

Мора да се признае и тоа дека одредени многубожечки празници имале влијание врз појавата на одредени христијански празници. Но тоа не значи дека тие имаат многубожечки карактер, туку баш напротив: Црквата востановила свои христијански празници за да го попречи влијанието на многубошците врз христијаните, за да вториве не учествуваат на многубожечките празнувања. Така на пример, многубошците за време на зимските кратки денови во декември го славеле празникот на „непобедното Сонце и тоа на многу развратен начин, што во тоа време се сметало за „напредно сваќање“(Милин, 1999). А токму во тој временски период Црквата го сместува подготвувањето и славењето на Божиќ, т.е. Рождеството Христово, Кој во црковните песни уште се нарекува „Сонце на правдата“.

Значи Божиќ не е многубожечки празник, туку се појавил како одговор на Црквата за многубожечките вулгарни прослави кои немале ништо поучно и вредно во нив. За жал, дури и денес при славењето на одредени христијански празници се вметнуваат одредени пагански елементи и народни обичаи кои немаат апсолутно никаква врска со црковното празнување. Меѓутоа тоа е дел од фолклорот на народот кој фатил длабок корен и секако не е може да се очекува целосно да биде надминат и заборавен.

На крај може да се каже дека празникот има навистина големо значење за нашето духовно расположение и воспитување. Кога празнуваме, ние со целокупното битие проникнуваме во смислата и значењето на тој ден, што секако резултира со пријатни и радосни чувства во нашата душа. Исто така, преку читање на евангелски текстови и житија во црква поврзани за тој празник, ние  се поучуваме и воспитуваме во христијански дух.

За разлика од адвентистите, кои се придржуваат до старозаветната поделба на јадењата на „чисти" и „нечисти", Јеховините сведоци не инсистираат на таа поделба, но затоа строго забрануваат секаква употреба на крв. И не само што не смее да се јаде крвта од животните, туку не смее да се прави ниту трансфузија на крвта заради спасување на човечки животи. (Watchtower society, 2008).

## 14. ШТО ВЕЛАТ  ЈЕХОВИНИТЕ СВЕДОЦИ ЗА СВЕТИТЕ ИКОНИ?

Сектантите и во однос на ова прашање ја напаѓаат и ја оспоруваат вистинитоста на црковната догматика. Тие обвинуваат дека Црквата погрешно го толкува па и дека го отфрлила основниот Божји морален закон изразен во Декалогот – Десетте Божји заповеди.

Втората Божја заповед гласи „Не прави за себе идол, ниту каква слика на она, што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата, под земјата; немој да им се клањаш, ниту да им служиш, оти Јас сум Господ, Бог твој“ (2. Мој. 20, 4-5).

Значи, според сведоците, Црквата ја изопачила оваа Божја заповед со тоа што во „црковната богослужбена пракса се употребуваат и се обожаваат икони“( *Božje tisućgodišnje kraljevstvo se približilo,*1975),

### 14.1. Православниот одговор

Со втората Божја заповед Бог всушност го забранува идолопоклонството. Он забранува било кој предмет да го поставиме пред Бога или над Бога. А Црквата никогаш со ништо не алудирала или учела на тоа дека некој предмет или идеја треба да се постават на местото на Бога.

Понатаму, ако со оваа заповед се забранува правење на слики, тогаш грешници се и сите оние биолози на пример, кои ги сликаат своите билки, животни, птици итн. за потребите на својата служба. Истото важи и за фотографите, сликарите, корисниците на лични документи каде се наоѓа нивната лична фотографија и сл. Ако Бог го забранува сето ова, тогаш Он се противи на секоја наука и сите нејзини придобивки, што е крајно противречно со учењето за Бога.

Во Светото писмо не само што не постои забрана за правење на икони, туку напротив Бог заповедал да се прават икони и статуи за потребите на богослужението! Така, во Стариот Завет се вели: „И му рече Господ на Мојсеја велејќи: Кажи им на синовите Израилеви... Да Ми направат светилиште, од каде што ќе ви се јавувам вам; како што ќе ти покажам Јас на планината; и образецот на скинијата и образецот на сите нејзини сосуди... Направи ковчег на сведоштвото од дрвото ситим.. и позлати го со чисто злато...И направи два херувима од злато, леани направи ги и постави ги на двата краја на поклопецот; ...и тука над поклопецот, меѓу двата херувима, ќе ти се јавувам тебе и отаде ќе ти зборувам тебе и за се ќе им заповедам преку тебе на синовите Израилеви“ (2. Мој. 25, 1-22).

Во другата глава се вели:„Направи завеса од сина, црвена и од темноцрвена ткаенина и ткаен висон, а на неа нека има уметнички извезени херувими“ (26, 31). Оттука произлегува дека Господ не само што не забранува, туку заповеда изработување на религиозни слики за богослужбени потреби. Забраната се однесува на обожавање на ликови и статуи кое било присутно кај старите многубожечки народи. Тие пак биле соседи на израилскиот народ, и постоела опасност да извршат влијание врз нивната монотеистичка вера.

Денеска православните луѓе длабоко и искрено ги почитуваат светите икони. Кон неа не се однесуваме како кон обична фотографија или предмет, туку како да пристапуваме пред лицето на светителот чиј лик е изобразен на иконата. Сепак, тука не се работи за „обожавање“ на таа личност, туку за

длабока стравопочит и вера дека таа личност се удостоила со својот свет живот да не застапува пред Севишниот. Затоа се и нашите молитви упатени и кон светителите, и тие заедно со нас да го молат Бога за наше спасение и избавување од разни неволји. Посебна почит ужива мајката Божја – Пресвета Богородица, која е прва застапничка и молителка за сите нас.

## 15. ЗА ТРАНСФУЗИЈАТА НА КРВТА

Кај Јеховините сведоци се наоѓа и едно учење кое по своето толкување е единствено: трансфузијата на крвта е забранета. Тие велат дека е забрането да се дава крв од едно на друго лице, бидејќи со туѓата крв се давала и дел од туѓата душа, бидејќи „душата на секое тело е во крвта негова“ (3. Мој. 17,24). Уште се повикуваат и на цитатот „Само да не јадете месо во кое има уште душа, односно, крвта негова“ (1. Мој. 9,4).

Тука би се запрашале: Навистина ли душата на човекот се наоѓа во неговата крв, односно можеме ли буквално да ги разбереме овие зборови? Секако дека не смееме буквално да ги протумачиме затоа што душата на човекот не е материјална категорија, туку енергија која делува во секој атом од неговото тело, а не само во крвта. Треба да се има предвид дека старозаветниот јазик бил во склад со духот и перцепирањето на работите на тогашниот човек. Со тоа Бог само сакал да укаже на своето право на живот кој го дава само Он и никој друг, „а во старо време крвта ја симболизирала тајната на животот со кој владее само Бог“ (Новопашин, А. и Мелников, В., 2003).

Крвта на жртвуваните животни се почитувала како света и служела како средство за искупување и простување на гревовите. Таа всушност е праслика за Светата Христова Крв пролеана за искупување и спасение на светот.

Оттука можеме слободно да заклучиме дека сведоците ги извитопериле и овие Божји зборови, а како резултат на тоа се губат стотици човечки животи годишно. Тоа се животите на Јеховините сведоци и нивните деца, кои одбиваат да примат трансфузија и покрај животозагрозувачките околности под кои се нашле. Навистина е апсурдна и тажна ваквата одлука, бидејќи ако библиската забрана за употребување на крвта е поврзана со забраната за лишување од живот, денес станува збор за негово спасување. Затоа што оној кој ја дава

својата крв за да спаси туѓ живот е апсолутно мотивиран од човекољубие, а тоа никако не може да биде против Божјата воља.



Слика 5. Свето Писмо
Figure 5. Holy Bible

## 16. ЈЕХОВИСТИЧКИ ПРЕВОД НА СВЕТОТО ПИСМО

За да успеат во докажувањето на своите тези, се служат со нови, „поточни" преводи на Светото Писмо, во кои преводот на некои зборови и интерпункцијата ги наведуваат така како што одговара на нивното сфаќање. Еве пример.

Во сите текстови на Евангелието, како во грчкиот оригинал, така и во сите поранешни преводи, изнесен е разговорот на Христа со покајаниот разбојник додека сè уште виселе на крстот. Покајаниот разбојник вели: „Сети се на мене Господи, кога ќе дојдеш во царството Свое! А Исус му рече: Вистина ти велам: денес ќе бидеш со Мене во рајот!" (Лука 23, 42-43). Бидејќи овие зборови на Христа се директно спротивни на сектантското тврдење дека не постои душа, ниту задгробен живот, тие, како и адвентистите, ја менуваат интерпункцијата, па во новиот превод ,,Нов свет" Христовиот одговор гласи: ,,Навистина ти велам денес: Со мене ќе бидеш во рајот". Смислата на таа

интерпункција според сектантското учење е оваа: Денеска, кога луѓето ме распнаа и ме отфрлија, јас ти сведочам дека со мене ќе бидеш во рајот, во денот на сеопштото воскрсение!

Грчкиот чбор „парусија" кој изворно значи „присуство", а во говорниот јазик на Библијата значи повторно доаѓање, јеховистнте постојано го преведуваат со „присуство", бидејќи така им е потребно, иако сите преводи велат: „повторно", „второ доаѓање". Во Евангелието според Матеј (24, 30) исто така ја менуваат интерпункцијата и смислата.

Во грчкиот текст и во сите преводи стои: „*И тогаш на небото ќе се појави знакот на Синот човечки*." Тоа значи: непосредно пред доаѓањето на Христа Судијата ќе се појави на небото знакот на крстот, бидејќи крстот е Неговиот знак. Бидејќи Јеховините сведоци го отфрлаат крстот како Христов знак, го расипуваат преводот и пишуваат: „Тогаш на небото ќе се појави знак: Синот човечки". И при сето тоа велат дска Христовото доаѓање ќе биде невидливо!

А дека умеат и да премолчат дел од цитатот на Светото Писмо ако не им одговара, све еден карактеристичен пример, еден од многубројните.

Апостол Павле, докажувајќи им на Евреите дека Христос како Син Божји и како вистински Бог е поголем од ангелите, се повикува на Светото Писмо од Стариот завет цитирајќи ги псалмите, па наведува зборови што се однесуваат на Бога Отецот и на Бога Синот: „*Твојот престол, Боже, е вечен и жезалот на правдата е жезал на царството Твое. Тебе Ти омиле правдата, а омрзна беззаконието; затоа, Боже, Твојот Бог Те помаза со елеј на радоста повеќе од Твоите соучесници*" (Евр. 1, 8-9).

Очигледно е дека тука Синот Божји двапати е наречен Бог. Но, бидејќи Јеховините сведоци ја одрекуваат божествсната природа на Синот Божји, истиот цитат во нивната книга и интерпретација гласи вака: ,.За Синот Божји Библијата вели: Ти омиле правдата, и го намрази беззаконието. Затоа Неговиот отец посебно го благослови, возвишувајќи го за Крал на Божјото Кралство". (*Istina koja vodi do večnog života*, 1969).

Секако, кога така се цитира Светото Писмо, тогаш ништо не останува од божеството на Христа!

Еве уште еден пример! Јеховистите ја одрекуваат Светата Троица тврдејќи дека во Светото Писмо нема никаква трага од такво учење. Меѓутоа,

по своето воскресение Христос на своите ученици им рекол: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот" (Мат. 28. 19-20).

Бидејќи овие Христови зборови јасно ги споменуваат сите три лица на Светата Троица, како и тоа дека Христос на невидлив начин ќе биде постојано со Својата Црква, до свршетокот на векот, а не од 1914 година, како што „пресметал" Чарл Тазе Расел, а јеховистите овие две Христови тврдења не ги признаваат, нивниот цитат гласи вака:„направете ги сите народи да бидат мои ученици крштавајќи ги“. Значи, без споменување на Отецот и Синот и Светиот Дух. Додуша, на едно друго место, во истата книга ги споменуваат сите три лица на Светата Троица, но тоа е само доказ за нивната недоследност.

## 17. МЕТОДИ НА ДЕЛУВАЊЕ И ПРИДОБИВАЊЕ

За релативно големиот успех што го постигнуваат протестантските групи во придобивање на нови членови, се заслужни нивните методи на делување и однесување со луѓето. Нивниот начин на делување, однесување и живеење е исцрпно опишан во книгата напишана од бивша членка на Јеховините сведоци Жоси Дојон (*Била сам Јеховин сведок*). На отворен и недвосмислен начин се опишани нејзините искуства додека била во рамките на сектата: како била вовлечена во оваа група, какви себеоткажувања и жртви поднесувала во името на „Вистината“, до каде дошла нејзината психофизичка состојба за на крај да собере сили и да ја согледа заблудата која и се наметнала.

Така во книгата авторката ни ги открива секташките методи. Јеховиниот сведок кој оди да проповеда и сака да придобие некого првенствено мора да биде чист, пристојно облечен, љубезен, насмеан и учтив. Понатаму, тој мора да е добро „поткован“ со одредено знаење т.е. да знае напамет одредени библиски цитати кои ги користи како адут при одредени теолошки полемики; мора да покаже голем интерес за спасението на членовите на куќата каде што дошол; не смее да појави никакво материјално користољубие, па дури ако нешто продава, може и да поклони доколку процени дека домаќинот нема пари да го плати понуденото; и на крајот најважното: ако успее да појави интерес кај својот соговорник, проповедникот е должен да го одржи и зацврсти односот

со него, како со потенцијален член на нивната верска заедница. Жоси Дојон била обврзана да проповеда и во средното училиште каде учела, на нејзините соученички:„И едната и другата (другарка) сакаа да дознаат многу нешта за Јеховините сведоци, па со задоволство им одговарав на сите нивни прашања. Тоа по мое убедување беше моја возвишена должност. Дора, другарката од класот изрази желба да дојде и да види како изгледаат нашите состаноци."(Дојон, 1987)

Кога еднаш ќе придобијат некој поединец или група кон својата вера, тогаш не ги оставаат без надзор и внимание. Тие им се на располагање за секаква помош од било кој карактер: материјален, медицински, правен и сл. Често организираат акции од хуманитарен карактер, посетуваат болници и доставуваат своја литература, организираат курсеви за странски јазици и часови за „библиски студии" и што ли уште не. Мора да се признае дека се упорни, настојчиви, и имаат добро разработена шема за врбување и придобивање на ново членство.

Многу важно е да не се напаѓа верата на нивниот соговорник, тоа си го дозволуваат малку покасно, кога би им дозволиле да го изложат нивното толкување на „Божјиот збор". Тогаш мошне суптилно и неосетно го истиснуваат православното учење од се она за кое полемизираат. „А должност на секој сведок е да го опомене секој оној кој е во врска со ѓаволот и ако е можно да ги приведе кон Друштвото Кула на стражарите, бидејќи таа е како Ноевата арка во која сите ќе се спасат"(Дојон, 1987).

За нивната работа во светот самите Јеховисти изјавуваат дека „денес се трудат да ги пронајдат оние што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите, што се вршат во него" (Стражарска кула, 2011). Најпознатиот начин што го користат за да ги пронајдат оние кои се вознемирени поради сегашниве околности е одење од куќа до куќа. На тој начин вложуваат напори да ги достигнат луѓето, „исто како што правел Исус кога одел од град до град и од село до село, проповедајќи и објавувајќи ја добрата вест за Божјето царство". Денес, онаму каде што е можно, Јеховините сведоци настојуваат да го посетат секој дом неколкупати годишно, обидувајќи се по неколку минути да разговараат со станарот на некоја тема што е од локален или од светски интерес. Во таа прилика нудат да се разгледаат еден или два библиски стиха и, ако станарот покаже интерес, Сведокот може да договори да наврати во некое друго погодно

време за понатамошна дискусија. Ставаат на располагање Библии и литература која ја објаснува Библијата и, ако станарот изрази желба, со него бесплатно се води домашна библиска студија. Ширум светот, со поединци или со семејства, редовно се водат милиони вакви библиски студии.

Друг начин на кој им се кажува ,добрата вест за царството на другите е преку состаноците кои се одржуваат во локалните Сали на Царството. Во нив Сведоците одржуваат состаноци секоја седмица. Еден од тие состаноци е јавното предавање на тема од општ интерес, а потоа се проучува некоја библиска тема или пророштво, при што како изворен материјал се користи списанието Стражарска кула. Друг состанок е школа на која Сведоците се обучуваат да бидат подобри објавители на добрата вест, а после неа следи дел посветен на дискусија за делото на сведочење на локалното подрачје.. Во тој контекст Жоси Дојон кажува: „Студирајќи заедно некоја книга, обично еден брат би го предводел учењето и би поставувал прашања, а другите на основа на веќе прочитаните книги и брошури, даваат одговори. Потајно ми беше срам, бидејќи таквиот начин на учење по системот: прашања и одговори, повеќе ме потсетуваше на забавиште отколку на студии за возрасни. Учејќи дома, секој го подвлекуваше штампаните одговори, и во текот на заедничкото учење предводникот поставува прашање, се креваа два прста и се читаа подвлечените одговори“ (Дојон, 1987) Исто така, еднаш седмично Сведоците се состануваат во приватни домови, во помали групи, за да ја проучуваат Библијата

Доколку пак, некој нивни член и се дрзне да ја напушти нивната заедница, воопшто не е лесно да биде заборавен и оставен на мир од страна на неговите довчерашни истомисленици.



Слика 6. Сведоците во проповедничка служба

Figure 6. Witnesses as preachers

Како превентивна мерка за потенцијално напуштање на нивното друштво, сведоците вршат систематско и агресивно заплашување на нивните членови, како што е заканувањето со Судниот ден. Тогаш значи, отпадникот ќе има поинаков третман и од безбожниците, бидејќи ја спознале вистината, а потоа отпаднале од неа. „Дури и ако некој се пресели во странство, и таму е лесно да се пронајде, освен ако не ја задржи новата адреса во апсолутна тајност од сите. Ако и му успее да остане во тајност од Друштвото, стравот од Армагедон и понатаму ќе го следи и нема туку-така да го остави на мир, затоа што и покрај раскинатите односи со Друштвото, тој во душата никогаш нема да биде слободен.“ (Дојон, 1987)

**17.1. Како се справува општеството со овие појави?**

Денеска во светот постојат многу секти. Се претпоставува дека ги има над две илјади кои имаат различни географски и догматски обележја. Ниедна земја не останала имуна од делувањето на сектанските движења, па затоа секое општество превзема соодветни мерки за колку-толку да се заштити од нивните влијанија.

Ако пак се разгледуваат причините поради кои овие групи имаат голем успех во пронаоѓање на приврзаници, ќе се увиди дека тие се многу комплексни. Како фактори кои најмногу влијаат на нивниот успех се: верската

необразованост (веројатно ова е на прво место), кризите во семејството (оттуѓувањето, разделувањето, недоразбирањето меѓу најблиските), искушенијата кои преизлегуваат од созревањата на младите луѓе, најчесто во пубертетот (градење идентитет, барање припадност кон нешто или некого, потреба за истакнување, т.е. „одлепување“ од средината и сл.).

Превентивната улога за заштита од верските врбувања секако ја има Црквата и државната власт. Тие безусловно мора да најдат начин да се издигнат над дневнополитичката клима и да го поттикнат вградувањето на православните вредности во секојдневието. Свештениците со своето делување и стил на живот треба да се стремат да ја социјализираат својата професионална и животна определба. Да ги зближуваат и собираат своите парохјани за време на богослужбите, црковните собири, преку организирање на поклонички патувања и слично.

На нашите простори традицијата, црковниот живот, православните и историските наследства се вредности кои треба да се зачуваат и да се вградат во нашиот личносен идентитет. Само на ваков начин изградена и збогатена личност може храбро и без стеснување (кое најчесто произлегува од незнаење) да го претставува и да го брани неговото духовно наследство, во својата земја и пред светот.

Секоја демократска држава ги гарантира верските права и слободи на своите граѓани. Меѓутоа, исто така инсистира на пријавување и регистрирање на секоја верска заедница, нивното дејствување во оквирите на статутот и догматите ( кои исто така се пријавуваат). Начинот на финансирање на секоја верска заедница редовно и уредно се следат од страна на државниот апарат. Исто така, во многу земји, сега веќе вклучувајќи ја и нашата, е предвидено и функционира верско образование во училиштата, било да е задолжително или изборно со кое се изучува матичната верска конфесија, како и верските учења на поголемите верски заедници во конкретното општеството.

Дека демократскиот свет сериозно ги разбрал опасностите кои демнат од деструктивните и општествено – опасните организации со верски предзнак, говори и фактот што Европскиот парламент донел Резолуција на 29.02.1996 година, а која се однесува на оваа проблематика. Со оваа резолуција се предвидува државите членки на ЕУ да водат грижа за делотворно применување на правните одредби и инструменти кои постојат на национално

ниво, како и активно да соработуваат меѓу себе со цел да се спречат повредите на основните права кои се предизвикани од сектите. Тука се мисли на оние организации „кои како делови на една меѓународна мрежа оперираат во ЕУ, вршат илегални и криминални активности и постојано ги кршат човековите права, се занимаваат со злоставување, сексуално злоупотребување, одземање на слободата, трговија со луѓе, поттикнување на агресивно однесување, ширење на расистички погледи, даночни измами, илегален промет на капитал, трговија со оружје и дрога, повреда на работните права и илегална лекарска пракса"(Луковиђ, 2000).

## 18. ЗАКЛУЧОК

Реформацијата која најпрвин била дефинирана како протест насочен кон Римокатоличката црква, оставила трајни последици врз историјата на човештвото и неговиот верски живот. Таа во темел ја разнишала основата на Римокатоличката црква и нејзиниот авторитет, а во одредени земји потполно ја тргнала од верската сцена.

Предизвикала длабоки раздори помеѓу луѓето од едно исто општество, па дури и жестоки прогони, измачувања и убивања во името на својата вера.

Го извитоперила изворното толкување на Светото Писмо, Светото Предание и воопшто на црковното учење кое било чувано од страна на Црквата, како единствен авторитет и критериум. Човекот по својата природа е несовршен и подложен на грешење, па затоа е опасно ако самиот тој е авторитет за толкување на Зборот Божји, бидејќи често пати работите ги толкуваме онака како што сакаме да бидат протолкувани: во согласност со нашите желби, интереси, страсти и друго. Човекот е создаден како слободен, но треба да внимава како и каде ќе ја примени, бидејќи злоупотребата на слободата и нејзиното погрешно реализирање многу лесно може да не одведе во прелест (себезалажување).

Од мноштвото секти кои произлегле, сектата на Јеховините сведоци израснала во навистина моќна меѓународна организација. Од почетокот на своето постоење тие неуморно ровараат во земјите од цел свет, обидувајќи се да го наметнат своето гледиште и учење. Запрепастува фактот што се многу

успешни во својата цел, дури и во оние земји каде традиционалните верски и семејни вредности (барем на прв поглед) имаат длабок корен, а секташките учења се апсолутно туѓи и далечни за нив.

Овој ефект укажува на фактот дека одредени вредности во едно општество не се прифатени и негувани во нивната суштина и значење, туку само традиционално. Се заборава на тоа дека целокупниот идентитет и обележје на еден народ (во случајот мојот, македонски народ) се црпи од еден извор - македонското православно наследство чиј докажан чувар и надоградител била Македонската православна црква. Затоа и целокупниот верски, политички, културен, општествен, образовен живот треба да има репер во своето изградување и развивање, бидејќи „во општество во кое нема центар, се станува периферија“ (Луковиђ, 2000).

Затоа Црквата како Богочовечки организам односно Заедница на Бога и луѓето, ( а не некој поединец или елитна група) е единствен Авторитет на кого треба да се потпреме како на вистинска пазителка на изворното христијанско учење.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Армстронг, К. (1985). *Историја Бога*.Народња књига – Београд
2. *Božje tisućgodišnje kraljevstvo se približilo,* (1975), Kršćanska vjerska zajednica u SFRJ - Samobor
3. Вајт, Ј.Г. (1959). *Сведочанства за Цркву*. Београд
4. Вајт, Ј.Г. (1962). *Велика борба између Христа и Сотоне*. Београд
5. Вернет, Ж. (1997). *Секте*. Плато – Београд
6. Веселиновић, С.М. (1912). *Догматика православне цркве*. Београд
7. Годубић, М. (1973). *Историја Цркве*. Београд
8. Дамаскин, Ј. (2001). *Источник знања*. Јасен – Београд
9. Димитријевић, В. (1997). *Православље и секте*. Зборник, „Светигора“ – Цетиње
10. Дојон, Ж. (1987). *Била сам јеховин сведок*, (Исповест о једној заблуди). Крагујевац
11. Ђорђевиђ, Д. (1998). *Секте*. Јунир – Ниш
12. Ђурђевиђ-Стојковиђ, Б. (1997). *Ловци на душе*. Биљана Ђурчевиђ, Крушевац
13. *Енциклопедија живих религија*. (1982). Нолит – Београд
14. Елијаде, М. (1991). *Историја веровања и религијских идеја*, 1. Просвета – Београд
15. Елијаде, М. (1981). *Окултизам, магија и помодне културе*. Графички завод Хрватске – Загреб
16. Иљин. И. (1999). *Пут духовне обнове*. Логос АНТ – Београд
17. *Istina koja vodi do večnog života*. (1969). Печатено во Германија без име на писателот
18. Јеротиђ, В. (1995). *Духовност и толеранција*. Култура – Београд
19. Јеротиђ, В. (1998). *Индивидуација и (или) обожење*. Арс Либри – Београд
20. Јустин, Архимандрит. (1849). *Догматика Православне Цркве 2 део* Москва
21. Калезиђ, Д. (1972). *Упознајмо религију*. Београд
22. Kolarič, d-r. J. (1976). *Kriščani na drugi način*. Zagreb
23. Крстиђ, Н. (1999). *Не побеђује број веђ сој*. Колумна во списание „Око“, Франкфурт

24. *Кула стражара* бр.222, списание (1972).
25. Луковиђ, З.Д. (2000). *Верске секте*. Православна мисионарска школа – Београд
26. Малицки, П. (1993). *Историја хришђанске цркве*. Књижарница Радомира Ђуковиђа – Београд
27. Мекензи, Н. (1990). *Тајна друштва*. Нова књига - Београд
28. Милин, Л. (1999). *Црквата и сектите*. Ѓаконија – Скопје
29. Милин, Л. (1997). *Научно оправдање религије, књ*. 2. Београд
30. Милаш, Н. (1995). *Славенски апостоли Кирил и Методије и истина православља*. Свети архијерејски синод Српске православне цркве – Београд
31. Милошевиђ, З. (1997). *Верске секте и култови*. Бели анђео – Шабац
32. Новопашин, А. и Мелников, В. (2003). *За што сведочат јеховините сведоци*. Штип
33. Поповиђ, Ј. (2005). *Опђа црковна историја, книга I и II* . Романов – Бања Лука
34. *Последња времена данас*. (1996). Зборник , Светигора - Цетиње
35. *Православието и сектите: новопротестантизмот денес*. (2001). Штип
36. *Религија и душевни живот човека*, (1994), група издавачи – Београд
37. *Религије свијета*, (1982). Енциклопедија, Кршћанска садашњост – Загреб
38. Роуз, јеромонах С. (1990). *Православље и религија будућности*. Банатски весник – Вршац
39. Свето Писмо (Библија), (2002). Библиско здружение на Република Македонија – Скопје
40. Станилоје, Д. (1997). *Православна Догматика III*. Српска Манастирска штампарија – Сремски Карловци
41. *Теолошки погледи*, верско-научни часопис 3-4. (1989). Православље – Београд
42. Чедвик, О. (1986). *Историја Реформације*. Добра вест – Нови Сад
43. Шпајзер, В.А. *На прагу новога доба*, I свеска. Нови Сад
44. Watchtower society (2008). Официјална веб страница на јеховините сведоци. Преземено на 20 април 2010 г. http://www.watchtower.org/mc/index.html